# Авторитетот на  верните

Кенет. Е. Хегин

Освен ако не е поинаку наведено, сите цитати од библиските стихови се земени од Свето писмо Стандардна библија: 2006. Јавен домен.

30 29 28 27 26 25 24 63 62 61 60 59 58 57

*Авторитетот на верните*

ISBN-13: 978-0-89276-406-8

ISBN-10: 0-89276-406-6

(претходно ISBN-10: 0-89276-006-0)

Copyright © 1967, 1986 Библиска црква Рема

Кенет Хегин Министрис

Прво издание 1967.

Второ издние 1986.

rhemacanada.org

Сите права се задржани. Содржините и/или корицата не смеат да се репродуцираат во целост или делумно во каква било форма без изречена писмена согласност од издавачот. Штитот на верата е заштитен знак на Библиската црква Рема, АКА Кенет Хегин министрис, Инк. регистриран во Канцеларијата за патенти и трговски марки на САД и затоа не може да се копира.

# Содржина


Вовед ........................................................................ 5

Предговор .................................................................. 7

Глава 1 Молитвите на Павле ........................................... 9

Глава 2 Што е тоа авторитет? ........................................ 16

Глава 3 Седнати со Христос ........................................... 21

Глава 4 Кршење на силата на ѓаволот ............................. 30

Глава 5 Примена на авторитетот ..................................... 37

Глава 6 Воскреснати со Христос ..................................... 54

Глава 7 Оружјето со кое војуваме ................................. 59

*Глава 8* Авторитет над демонските духови, не над волјата на човекот ................................................ 63

# ВОВЕД

Татко ми ја напиша оваа книга во 1967 година. Во текот на годините важните библиски вистини на нејзините страници го променија животот на многу луѓе.

Меѓутоа, по 1967 година тато доби уште поголемо разбирање за духовниот авторитет. Тој често велеше дека посакувал оваа книга да ги содржи овие дополнителни увиди.

Во 1984 година, во чест на 50-годишнината од неговата служба, ја преуредивме оваа книга и ги додадовме увидите што тој секогаш сакаше да ги вклучи. Со радост ја споделуваме оваа проширена верзија со вас, нашите лојални партнери и пријатели.

# ПРЕДГОВОР

Во 1940-тите, си го поставив прашањето: „Дали имаме авторитет за кој не знаеме - што не сме го откриле - што не го користиме?

Повремено имав мали проблесоци за тоа што е духовен авторитет. Како и другите, и јас понекогаш случајно налетував на него и го применував без да знам што, всушност, правам. Си помислив: „Дали Духот Божји се обидува да ми покаже нешто?“ Затоа почнав да проучувам во оваа насока, да размислувам во оваа насока, да се хранам духовно во оваа насока – и почнав сѐ повеќе и повеќе да гледм јасно.

Една статија во *The Pentecostal Evangel* ме поттикна да ги проучувам зборовите „моќ“ и „авторитет“. Потоа наидов на прекрасна брошура со наслов *Авторитетот на верни*, напишана од Џон А. МекМилан, мисионер во Кина, кој подоцна бил уредник на The Alliance Weekly. (Неговата брошура беше повторно издадена пред неколку години и е достапна преку Christian Publications, Камп Хил, Пенсилванија.)

Како резултат на моите проучувања, заклучив дека ние, како Црква, имаме авторитет на земјата што сѐ уште не сме го осознаеле – авторитет што не го користиме.

Малкумина од нас едвај ја гребат површината на тој авторитет, но пред Христос повторно да дојде, ќе има верници кои ќе се издигнат и ќе го заземат својот духовен авторитет. Тие ќе знаат што е нивно и ќе го исполнат делото што Бог го наменил за нив.

# Глава 1

# Молитвите на Павле

Повеќе од сите други посланија напишани до црквите, авторитетот на верникот е најјасно откриен во Книгата на Ефесјаните. Бидејќи оваа книга се базира на Ефесјаните, дозволете ми да ве охрабрам да ги прочитате неколку пати првите три поглавја од таа книга.

Ќе забележите дека има молитви помазани од Духот на крајот на првото и третото поглавје. Сепак, Павле не ги наменил овие молитви само за Црквата во Ефес. Овие молитви се применливи за нас и денес, исто како што биле за верниците во Ефес, бидејќи тие биле дадени од Светиот Дух.

**Ефесјаните 1:16–20**

16 постојано Му благодарам на Бога спомнувајќи ве во молитвите свои,

17 та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение за да Го познаете,

18 и да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво е богатството на славата од наследството Негово во светиите,

19 и колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила,

20 а таа сила Тој ја покажа во Христос кога Го воскресна од мртвите и Го постави од Својата десна страна на небесата.

**Ефесјаните 3:14-19**

14 Затоа ги свиткувам колената свои пред Отецот на нашиот Господ Исус Христос,

15 од Кого се именува секој род на небесата и на земјата,

16 да ви даде, по богатството на Својата слава, сила да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек,

17 и преку верата Христос да се всели во срцата ваши,

18 та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што е длабочина и височина,

19 и да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја.

*Пресвртот во мојот живот дојде кога ги молев овие молитви за себе повеќе од илјада пати*. Почнав со тоа што ги читав на глас почнувајќи од првото поглавје. Ги персонализирав молитвите, заменувајќи го „вие“ што Павле го вели со „јас“.

На пример: Читајќи ги Ефесјаните 3:14–17 јас велев: „Затоа ги свиткувам колената свои пред Отецот на нашиот Господ Исус Христос, од Кого се именува секој род на небесата и на земјата, да ви даде, по богатството на Својата слава, сила да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек и преку верата Христос да се всели во *моето* срце . . .

Поминав многу време молејќи ги овие две молитви, на колена, пред олтарот во последната црква во Источен Тексас каде што бев пастор. Ја чував Библијата отворена пред себе на овие молитви и ги молев за себе неколку пати на ден. Понекогаш ѝ велев на сопругата дека одам во соседната црква да се молам и не сакам да бидам вознемируван, освен во итни случаи. Понекогаш останував да се молам по два-три дена.

Околу шест месеци се молев на овој начин, во текот на зимата 1947–48 година. Потоа, почна да се случува едно од нештата за кои се молев. Се молев за „дух на мудрост и откровение“ (Ефесјаните 1:17), и духот на откровение почна да дејствува!

Почнав да гледам работи во Библијата што никогаш претходно ги немав забележано. Библијата, едноставно, почна да ми се отвора.

Во тие шест месеци напредував повеќе во духовниот раст и во познавањето на Словото отколку за 14 години како проповедник и повеќе од 16 години како христијанин.

Тоа беше едно од најголемите духовни откритија што некогаш сум ги имал.

Ѝ реков на сопругата: „Јас не знам што сум проповедал досега? Толку малку сум ја познавал Библијата, и чудно ми е што ѓаконите не требало да дојдат да ме коригираат!“

Мораме да имаме дух на мудрост и откровение за Христос и Неговото Слово ако сакаме да растеме. Тој не се пренесува преку нашиот интелект. Светиот Дух мора да ни го открие.

Луѓето често прашуваат како да се молат за другите христијани. Ако почнете да ги молите овие молитви од Посланието до Ефесјаните за нив, ќе видите резултати во нивните животи. Ви препорачувам да ги молите овие молитви и за себе.

Пред многу години, ги молев овие молитви двапати на ден – наутро и навечер – за еден член од моето семејство. На личноста ѝ требаше итно исцеление, но никако не можеше да сфати што Библијата учи за божественото исцеление.

Кога се молев, го вметнував името на оваа личност во молитвите, исто како што претходно го вметнував моето име. Во рок од 10 дена, личноста ми напиша велејќи: „Почнувам да забележувам работи што никогаш порано не сум ги забележувал.“ (Штом ќе почнеш да се молиш според Писмото, работите почнуваат да се случуваат.)

Беше изненадувачки колку брзо моите роднини се променија откако почнав да се молам за нив според Писмото. (Претходно, со години се молев за некои од нив без никакви резултати.)

# Авторитетот на верникот

**ЕФЕСЈАНИТЕ 6:12**

12 Нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век и против поднебесните духови на злобата.

Фала му на Бога што имаме власт над таквите зли духови преку Исус Христос. Треба да разбереме што вели Павле овде во контекст на тоа што го напишал во претходните глави. Треба да сфатиме дека преку Христос имаме авторитет. *Нашата борба со ѓаволот секогаш треба да биде со свесноста дека имаме власт над него*, затоа што тој е веќе поразен непријател—Господ Исус Христос го победи за нас.

Сепак, власта на верникот е аспект од христијанскиот живот за кој малкумина верници знаат многу. Некои мислат дека власта или авторитетот над ѓаволот им припаѓа само на неколку избрани луѓе на кои Бог им дал посебна сила. Но, тоа не е точно. Таа власт им припаѓа на сите Божји деца!

Го примаме тој авторитет при ново раѓање. *Како нови созданија во Христос Исус, го наследуваме Името на Господ Исус Христос и можеме да го користиме во молитва против непријателот.*

Но, ѓаволот не сака христијаните да ја научат вистината за авторитетот на верните. Тој сака да продолжи да нѐ поразува секогаш кога ќе посака. Затоа прави сѐ што може за да ги спречи христијаните да ја дознаат вистината за власта; се бори со нас околу оваа тема повеќе од која било друга. Тој знае дека кога ќе

ја научиме вистината, неговото време на непречено владеење ќе заврши. Ние ќе го поразиме, уживајќи во власта што со право ни припаѓа.

Ефесјаните 1:3 вели: *„ Нека биде благословен Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Кој нè благослови (*целата црква*) со секаков духовен благослов од небесата во Христос*.“ Американската стандардна верзија ја преведува фразата „секаков духовен благослов“ како „сите духовни благослови.“ Ова значи сите духовни благослови што постојат. Во Христос, сите духовни благослови се наши. *Имаме авторитет, без разлика дали сме свесни за тоа или не*. Но само знаењето не е доволно. Знаењето што се применува носи резултати! Трагично е христијаните да го поминат животот без никогаш да дознаат што легално им припаѓа како Божји народ.

Дали некогаш сте размислувале за ова: спасението му припаѓа на грешникот. Исус веќе го купил спасението за најлошиот грешник, исто како што го направил тоа и за нас. Затоа ни заповеда да ја проповедаме Радосната Вест; да им кажеме на грешниците дека се помирени со Бога.

Но, ние никогаш не им го кажавме тоа. Наместо тоа, им кажувавме дека Бог е лут на нив и дека води евиденција за сите нивни погрешни дела. А, сепак, Библијата вели дека Бог не им го припишува гревот на грешниците! Бог вели дека Тој го поништил сето тоа.

Токму во тоа е ужасот: сиротиот грешник, не знаејќи ја оваа вистина, ќе мора да оди во пеколот, иако сите негови долгови се веќе поништени! Втора Коринтјаните 5:19 ќе ви го потврди тоа.

Гревот повеќе не е проблем. Исус го реши тоа. Единствениот проблем е грешникот. Донеси го грешникот кај Исус, и тоа ќе го реши проблемот. Да, ова, можеби, звучи поинаку од она што

луѓето се научени да веруваат, но тоа е она што Библијата го кажува.

Грешникот не знае што му припаѓа, па затоа тоа нема никаква корист за него. На истиот начин, ако христијаните не знаат што им припаѓа, тие нема да можат да го користат тоа. Тие треба да дознаат што е нивно. Затоа Бог поставил учители во Црквата. Затоа ни го дал Своето Слово: за да ни каже што ни следува легално.

И во природниот свет, исто така, може да ни следува нешто, но ако не знаеме за тоа, нема да ни бидат од корист.

Јас сум раскажувал за времето кога сокрив банкнота од 20 долари во мојот паричник и заборавив на неа. Еден ден останав без гориво, почнав да пребарувам низ паричникот и ја најдов банкнотата. Не можев да кажам дека ја немав, бидејќи таа беше таму цело време—ја носев со месеци во мојот џеб. Но, бидејќи не знаев дека ја имам, не можев да ја потрошам. Сепак, таа беше исто толку моја и кога не бев свесен дека ја имам, како и кога ја пронајдов.

Пред неколку години прочитав за еден човек кој бил пронајден мртов во малата, неуредна соба што ја изнајмувал за 3 долари неделно. Тој бил познат лик на улиците на Чикаго околу 20 години, секогаш облечен во парталливи алишта и јадел од кантите за ѓубре.

Кога не бил виден неколку денови, загрижените соседи отишле да го бараат и го нашле мртов во креветот. Обдукцијата покажала дека починал од глад, иако во појасот што го носел на половината имало повеќе од 23,000 долари.

Овој човек живеел во апсолутна сиромаштија, продавајќи весници за да преживее, а сепак имал пари. Тој можел да живее во најдобриот хотел во градот наместо во таа мала, руинирана

соба. Можел да јаде најдобра храна наместо ѓубре. Но, не ги користел средствата што ги поседувал.

Ние треба да знаеме што ни припаѓа нам. Исус рекол: *„И ќе ја запознаете вистината, и вистината ќе ве ослободи“* (Јован 8:32). Во Осија Бог вели: *„Мојот народ (не грешниците, не светот) загинува, нема знаење“*. (Осија 4:6). Луѓето, всушност, загинуваат заради тоа што не знаат што им припаѓа.

## Глава 2

# Што е тоа авторитет?

Преведувачите на една англиска верзија на Библијата доследно преведувале многу зборови, но не и грчките зборови за *моќ* и *авторитет*.

На пример: Во тој превод (*King James Version*) Исус вели во Лука 10:19: „Ете, јас ви давам МОЌ да газите врз змии и скорпии, и МОЌ над непријателот, и ништо нема да ви наштети.“

Иако зборот *моќ* се користи двапати во овој стих, два различни збора се наоѓаат во оригиналниот грчки. Всушност, Исус рекол: „Еве, ви давам ВЛАСТ да газите на змии и скорпии, и МОЌ над секоја непријателска сила.“

Кога говори за *змиите и скорпиите*, Исус зборува за моќта на ѓаволот—демоните, злите духови и сите негови соработници. Треба да разбереме дека имаме власт над нив!

Дали Црквата на Господ Исус Христос има (или ѝ треба) помалку авторитет денес отколку што имала во првиот век? Би било апсурдно да се мисли така, нели?

Вредноста на нашиот авторитет почива на моќта која стои зад тој авторитет. *Бог е моќта што стои зад нашиот авторитет! Ѓаволот и неговите сили се должни да го признаат нашиот авторитет*!

Верникот, кој темелно разбира дека силата на Бог е секогаш со него, може да го користи својот авторитет и да му се спротивстави на непријателот без страв.

Што е тоа авторитет?

*Авторитет е делегирана моќ*.

Полицајците кои го регулираат сообраќајот за време на гужва само ја подигаат раката и автомобилите застануваат. Тие немаат физичка *сила* да ги запрат возилата доколку возачите одлучат да не застанат. Но, тие не ја користат својата сила за да го запрат сообраќајот; тие се силни во *власта* што им е дадена од владата што ја претставуваат. Луѓето ја препознаваат таа власт и ги запираат своите автомобили. Благословен нека е Бог, што имаме авторитет што ни е дадена преку Господ Исус Христос!

Павле им кажал на верниците: „ Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ“. (Ефесјаните 6:10). Тоа значи дека можете да застанете пред ѓаволот, да ја подигнете својата рака и да му заповедате да стои подалеку од вас! Користете го својот авторитет!

Еднаш во Англија, Смит Виглсворт стоел на една улица чекајќи автобус. Од соседната зграда излегла жена, а зад неа потрчало мало куче. Таа му рекла:

„Срце, ќе мораш да се вратиш назад.“

Кучето не обрнало внимание. Само мавтало со опашката и ѝ се триело љубезно околу нозете.

Жената повторно му рекла:

„Сега, миличок, не можеш да одиш со мене.“

Но кучето пак ја игнорирало, мавтајќи со опашката.

Во тој миг автобусот пристигнал. Жената удрила со ногата во земјата и извикала: „Оди си!“ Кучето веднаш ја подвило опашката и се вратило назад.

Виглсворт извикал гласно без ни да размисли: „Така треба и ние да постапуваме со ѓаволот!“

# Како лав што рика

Во 1942 година, додека бев пастор во Источен Тексас, имав испитување на моето тело. Не кажав никому за тоа, освен на Господ. Се молев и верував дека Тој ќе ме излекува. Потоа останав цврсто во таа вера.

Ноќе се будев со алармантни симптоми на срцето и станував да се молам. Оваа битка траеше околу шест недели.

Една ноќ имав голема тешкотија да заспијам. Конечно, по молитвата задремав и имав сон. Сигурен сум дека во животот Бог ми зборувал само четири пати преку соништа, но овој сон не беше случајност. Тој беше од Господа.

Кога се разбудив, веднаш знаев што значи. (Ако не знаете што значи некој сон веднаш, заборавете го.)

Во сонот изгледаше како јас и уште еден проповедник да шетаме по некое парадно поле или игралиште. Имаше трибини од двете страни. Додека одевме и разговаравме, човекот одеднаш скокна и извика: „Гледај!"

Се завртев и видов два бесни лава кои рикаат. Човекот почна да бега, а јас тргнав со него. Но, потоа застанав и му реков дека сме предалеку од трибините за да стигнеме на безбедно. Никогаш немаше да успееме да избегаме од тие лавови.

Се запрев во место, се завртев и тргнав да се соочам со лавовите. Тие доаѓаа кон мене со отворени челусти рикајќи.

Треперев. Им реков: „Ви се спротивставувам во Името на Исус. Во Исусовото име, не можете да ми наштетите." Само стоев така. Лавовите притрчаа кон мене како две мали мачиња, помирисаа околу моите нозе и на крајот весело си отидоа, не обрнувајќи ми никакво внимание.

Тогаш се разбудив. Веднаш знаев што Бог сакаше да ми каже.

Ми дојде на ум стихот од 1. Петрово 5: *„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта; спротивете му се со тврда вера, знаејќи дека такви страдања ги снаоѓаат и вашите браќа по светот“* (ст. 8-9).

Физичката битка што ја водев беше добиена во тој момент. Одеднаш симптомите исчезнаа и бев целосно здрав. Ја одржав својата позиција, не попуштив. Победив.

Во Ефесјаните 6:10 пишува: *„На крај, браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ.“* Многу луѓе го читаат овој стих и мислат дека Господ им кажува да бидат силни во себе. Но, Писмото не вели ништо за да бидете силен во себе. Вели да бидете силни во Господа.

Некои велат: „Не знам дали ќе успеам или не.“

Секако дека ќе успеете! Дури и не размислувајте за тоа! Бидете силни во Господа. Бидете силни во силата на Неговата моќ, а не во својата сила.

1. Јованово 4:4 вели: *„Вие сте чеда од Бога и нив сте ги победиле зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот.“*

*„Оној што е во светот“* е сатаната, богот на овој свет и поглаварот на началствата, властите и управителите на темнината во овој свет.

Но, силата што е во вас е поголема од силата што е во светот, затоа што силата што ја поддржува нашата власт е поголема од онаа што ги поддржува нашите непријатели.

## Пророштво

Светиот Дух вели: *„Силата на земјата, положена во Името на Исус Христос и стекната од Него преку Неговата победа над непријателот, ѝ припаѓа на Црквата. Затоа, применувајте ја таа власт, зашто ви припаѓа вам на земјата, и во овој живот ќе владеете преку Христос Исус.“*

## Глава 3

# Седнати со Христос

Матеј 28:18 е уште еден стих каде што зборот **власт** требало да биде употребен наместо **моќ**. Во еден превод на англиската Библија овој стих гласи:

„И Исус пристапи, им проговори и рече: *СЕТА МОЌ Ми е дадена на небото и на земјата*.“

Но, тој треба да гласи: „СЕТА ВЛАСТ Ми е дадена на небото и на земјата.“

Кога Христос се вознесе, Тој ја предаде Својата власт на Црквата. Тој е Главата на Црквата, а верниците го сочинуваат Телото. Христовата власт мора да се пренесува преку Неговото Тело, кое е на земјата. (Низ Посланието до Ефесјаните и на други места во посланијата, Павле го користи човечкото тело како илустрација на Телото Христово.)

Христос седи од десната страна на Отецот—местото на власта—и ние сме седнати со Него. Ако знаете малку историја, знаете дека да се седи од десната страна на царот или папата значи да се има власт.

Ние умревме со Христос и воскреснавме со Него. Ова не е нешто што Бог ќе го направи во иднина—Тоа веќе е завршено!“

## Најмоќното Божјо дело

**ЕФЕСЈАНИТЕ 1:18-23**

18 и да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво е богатството на славата од наследството Негово во светиите,

19 и колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила.

20 Таа сила Тој ја покажа во Христос, кога Го воскресна од мртвите и Го постави од Својата десна страна на небесата,

21 повисоко од секое началство, власт, сила и господство и од секое име со кое се именуваат не само во овој свет, туку и во идниот,

22 и сè Му покори под Неговите нозе и Го постави глава над сите во Црквата,

23 која е Негово тело, полнота на Оној Кој исполнува сè во сè.

Посебно забележете го деветнаесеттиот стих: *„И колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила*“. Со други зборови, во подигањето на Исус од мртвите имало толку огромно прикажување на Божјата моќ што ова, всушност, било најмоќното Божјо дело некогаш запишано!

На Воскресението му се спротивставиле сатаната и сите негови сослужители. Меѓутоа, неговите сили биле збунети и поразени од нашиот Господ Исус Христос, кој станал, се вознел и сега седи од десната страна на Отецот, далеку над нив.

Се сеќавате на текстот во Колосјаните 2:15?: *„И, откако ја зграби силата од началствата и властите, Тој ги изложи јавно на позор славејќи ја во Себе победата над нив*“.

Станува збор за истите демонски сили со кои и ние денес мораме да се соочиме, но благодарение на Бог – Исус ги победил. Некои преводи велат дека Тој „ги обезвредни“ или „ги парализираше“.

Во древни времиња, победничките цареви кога се враќале од војна со заробеници, правеле парада – јавно ги изложувале

поразените. Исус го направил токму тоа со ѓаволот – го изложил пред трите света: небото, пеколот и земјата, по Неговата победа.

Бог ни го дал ова сведоштво во Писмото за да знаеме што навистина се случило.

Бог сака да знаеме што се случило преку смртта, погребението, воскресението и вознесението на Исус Христос. Тој сака да знаеме дека Го поставил Христа *„повисоко од секое началство, власт, сила и господство и од секое име со кое се именуваат не само во овој свет, туку и во идниот“*. (Ефесјаните 1:21).

## Изворот на нашиот авторитет

Изворот на нашиот авторитет се наоѓа во воскресението и воздигнувањето на Христос од страна на Бог. Забележете дека во осумнаесеттиот стих, Светиот Дух преку Павле се моли очите на разбирањето на Ефесјаните — нивниот дух — да се отворат за овие вистини. Тој сакал сите цркви — сите верници — да бидат просветлени.

Но, вистината за авторитетот на верните е занемарена од многу христијани. Всушност, повеќето цркви дури и не знаат дека верните имаат каков било авторитет!

Никогаш нема да го разберете авторитетот на верните само преку разумот; мора да добиете духовно откровение за тоа. Морате да го прифатите тоа преку вера.

**ЕФЕСЈАНИТЕ 2:1-7**

1 И вас, кои бевте мртви поради вашите престапи и гревови,

2 во кои живеевте некогаш според животот на овој свет,
согласно со кнезот на воздухот, односно на духот, кој сега
дејствува во синовите на неверието,

3 меѓу кои и ние сите некогаш живеевме според телесните желби, извршувајќи ги похотите на телото и на помислите, и по природа бевме како и другите, чеда на гневот.

4 Но Бог, Кој е богат со милост, поради големата Негова љубов, со која нè засака,

5 иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христос,

6 и нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Христос Исус,

7 за да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус.

Во првиот стих читаме: „*И вас, кои бевте мртви поради вашите престапи и гревови*." Тука Светиот Дух, преку Павле, вели: „Според дејствувањето на силата на Неговата моќ, *кога Го воскресна* Христа од мртвите — и вас кога бевте мртви."

Знаете, истиот глагол во Ефесјаните 1:20 што го изразува оживувањето на Христос од мртвите, го изразува и оживувањето на Неговиот народ во Ефесјаните 2:1. Со други зборови, *дејствието на Бог што го воскресна Христос од мртвите, нè воскресна и нас — Неговото Тело.* За Бог, кога Исус бил воскреснат од мртвите, и ние бевме воскреснати!

Понатаму, во втората глава читаме: „*иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христос . . . и нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Христос Исус*". (стихови 5–6). Овој дел зборува за предавањето на овој авторитет.

Забележте дека Главата (Христос) и Телото (Црквата) се воскреснати заедно. Понатаму, овој авторитет не бил даден само на Главата, туку и на Телото, затоа што Главата и Телото се едно.

(Кога размислувте за некоја личност, ја замислувате како едно — со глава и тело заедно.)

Колку што ми е познато, црквите веруваат дека сме воскреснати заедно со Христос. Зошто тогаш не веруваат дека сме поставени да седиме заедно со Него? Ако еден дел од овој стих е вистина, тогаш целиот стих е вистина.

Ако Црквата некогаш добие откровение дека ние сме Телото на Христос, ќе станеме и ќе ги правиме делата на Христос! До сега, ги правиме само ограничено.

*Кога ќе сфатиме дека авторитетот што му припаѓа на Христос, му припаѓа и на секој поединечен член од Неговото Тело — и ни стои на располагање — нашиот живот ќе биде драстично променет!*

**1 КОРИНТИЈАНИТЕ 12:12-14; 27**

12 И како што е телото едно, а има многу делови, и сите делови од тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се, – така и Христос.

13 Зашто преку еден Дух сме крстени сите во едно тело – било Јудејци или Елини, било робови или слободни; и сите сме со еден Дух напоени.

14 Зашто и телото не се состои само од еден дел, туку од многу.

27 Вие сте телото Христово, а поодделно – членови.

Слава на Бог, ние сме Телото Христово.

**2 КОРИНТИЈАНИТЕ 6:14-15**

12 Не впрегнувајте се заедно со безверниците зашто какво заедништво постои меѓу правдата и беззаконието? Што заедничко има меѓу светлината и темнината?

15 Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник?

Верникот се нарекува *праведност*, а неверникот се нарекува *неправедност*. Верникот се нарекува *светлина*, а неверникот *темнина*. Верникот се нарекува Христос, а неверникот Велијар.

## Седнати со Христос

Први Коринтјаните 6:17 вели: *„А кој се соединува со Господ, еден дух е со Него.“* Ние сме едно со Христос. Ние сме како Христос. Седиме од десно на Величеството во висините. Сè е ставено под нашите нозе.

Проблемот со нас е што сме проповедале **религија на крстот**, а треба да проповедаме **религија на престолот**. Со тоа, мислам, дека луѓето мислат дека треба да останат на крстот. Некои го примиле крштавањето со Светиот Дух, па потоа се вратиле назад на крстот и оттогаш таму останале.

Пеевме: „Блиску до крстот, блиску до крстот.“ Да, треба да дојдеме до крстот за спасение, но не треба таму да останеме; да продолжиме до Педесетница, Вознесението и до престолот!

Крстот, всушност, е место на пораз, додека Воскресението е место на триумф. Кога проповедате за крстот, проповедате смрт и ги оставате луѓето во смртта. Да, ние навистина умревме, но сме воскреснати со Христос. Воздигнати сме со Него. Како позиција, тоа е местото каде што се наоѓаме сега: Седиме со Христос на местото на власт во небесните места.

Многу христијани не знаат воопшто ништо за авторитетот на верните. Навистина не веруваат дека имаме некаква власт. Веруваат дека едвај се спасени и дека мораат да минат низ животот под доминација на ѓаволот, живеејќи на улицата „Едвај-поминуваме“. Повеќе го величаат ѓаволот отколку Бог.

Ни треба ослободување од ропството на смртта и чекорење во новиот животот. Ние не сме на крстот. Умревме со Христос, но Тој

нè воскресна заедно со Себе. Слава Му на Бога – научете како да го заземете своето место на авторитет.

*Десната страна од престолот Божји е центарот на силата на целиот универзум!* Управувањето со таа сила на престолот Му беше доверено на воскреснатиот Господ.

Знаеме дека Христос со Своето воскреснато физичко тело е таму, во потполн посед на Своите права чекајќи го времето од Отецот кога Неговите непријатели ќе бидат положени како подножје под Неговите нозе. Евреите 1:13 вели: *„А на кого од ангелите Бог некогаш му рекол: 'Седи од Мојата десна страна додека непријателите Твои не ги поставам за подножје на нозете Твои'"*

Воздигнувањето на Христовиот народ со Него на небесните места јасно укажува дека ние треба да седиме со Него, делејќи го не само Неговиот престол, туку и Неговата власт. Таа власт ни припаѓа и нам!

Не е ни чудо што Павле напишал до Римјаните: *„Бидејќи, доколку со преставувањето на еден завладеала смртта преку едниот, дотолку повеќе оние, што го примија изобилието на благодатта и дарот на праведноста, ќе царуваат во животот преку еден – Исус Христос*". (Римјаните 5:17).

Неколку преводи, вклучувајќи го и *англискиот динамичен превод*, велат: „да царуваме како цареви во животот". Дали ќе царуваме само кога ќе стигнеме на Небото? Не! Ние треба да царуваме како цареви *во овој живот*, преку Исус Христос. Тоа е авторитет, нели?

Што и да каже царот — тоа е закон; тој е последниот авторитет. Ние учествуваме во авторитетот што го претставува Христовиот престол.

Некои од нас користат малку повеќе авторитет над небесните сили отколку другите, затоа што имаме малку поголемо духовно разбирање, но Бог сака сите да имаме такво духовно разбирање.

## Одржување рамнотежа

Светиот Дух се молел преку Павле сите ние да имаме мудрост, разбирање и авторитет над демонските сили и проблемите што тие ги создаваат преку своето постојано манипулирање на човечките умови.

Се чини дека најтешкото нешто на светот за Црквата е да остане балансирана. Можете да земете која било тема — вклучително и авторитетот на верните — и ако одите во екстреми, таа станува штетна и престанува да носи благослов.

„Божествен татко“ (Father Divine) некогаш бил спасен и исполнет со Светиот Дух. Имал вистинско духовно искуство. Но потоа почнал да ги изучува токму овие стихови што и ние ги разгледуваме. И почнал да размислува: „Ако ние сме Христос, тогаш јас сум Христос. Христос е Бог, значи јас сум Бог.“ Така основал еден култ кој станал многу популарен, и луѓето почнале да го обожаваат.

Лесно е да се заглавите во дупката на која било страна од патот — во екстреми, фанатизам и духовен хаос. Ајде да одиме среде патот, во рамнотежа и мудрост.

Џон Александер Дауи, Шкотланѓанец кој добил откровение за божественото исцелување додека служел во Австралија пред почетокот на минатиот век, многупати го преминувал океанот во текот на својот живот. Се соочил со многу бури, но секогаш кога ќе наишла бура, го правел исто што го правел Исус: ја укорувал бурата – и таа секогаш престанувала.

Не треба да нè чуди ова, затоа што Исус вели: *„Вистина, вистина ви велам: кој верува во Мене, делата што ги вршам Јас и тој ќе ги врши, и поголеми од нив ќе врши; зашто Јас си одам кај Својот Отец“*. (Јован 14:12). Некој можеби ќе праша: „Што се тие поголеми дела?“ Меѓутоа ајде да почнеме прво со тоа да ги правиме делата што Исус ги правел, а потоа ќе размислуваме за поголемите!

Исус не вели дека само избрана група луѓе ќе ги прави тие дела – Тој вели: „Кој верува во Мене.“

Додека го проучуваме она што Божјото Слово го учи и го образоваме нашиот дух во врска со авторитетот на верникот, верувам дека сè повеќе и повеќе ќе можеме да живееме во оваа голема вистина.

## Глава 4

# Кршење на силата на ѓаволот

Во Ефесјаните 6:12 читаме: *„Зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“* (Во еде друг запис се вели: „зли духови на небесните места“).

Божјото Слово нè учи дека овие зли духови се паднати ангели кои биле отстранети од престолот од Господ Исус Христос. Нашиот контакт со овие демони треба да биде со свесноста дека Исус веќе ги поразил, ги разоружал, ги обесил. (Колосјаните 2:15). И сега, кога Исус ги симнал од власт, ние можеме да владееме над нив!

# Адамовото предавство

Првично Бог ја создал земјата и сè што е во неа, и му дал на Адам власт над сите дела на Своите раце. Со други зборови, Адам бил богот на овој свет. Но, Адам извршил високо предавство и се продал на сатаната, и преку Адам, сатаната станал бог на овој свет. Адам немал морално право да го направи тоа, но имал законско право да го стори.

Сега сатаната има право да биде тука и да биде „бог на овој свет“ сè додека „Адамовиот закуп“ не истече. Сатаната имал право да владее со нас сè додека не станавме нови созданија и дел од Телото Христово, како што гледаме во Колосјаните 1: *„Благодарејќи Му на Бога и Отецот . . . нè избави од власта на темнината и нè воведе во царството на Својот возљубен Син“*. (стих 12–13).

Затоа сатаната нема право да владее или доминира над нас. Сепак, еден просечен христијанин има повеќе вера во авторитетот и силата на сатаната отколку во Божјата!

Библијата не зборува само за првиот човек Адам, туку и за вториот Адам — Исус Христос, Кој станал наш Заменик. Во 1 Коринтјаните 15:45, Тој е наречен *„последниот* Адам", а во 47 стих *„вториот* човек". Сѐ што направил Исус, го направил за нас.

Нашиот проблем е што оставаме сѐ за во иднината! Поголемиот дел од црковните луѓе веруваат дека ќе ја користиме нашата духовна власт некаде во Милиениумот. Но, ако е така, зошто тогаш Библијата вели дека сатаната ќе биде врзан за време на Милиениумот? Тогаш нема да има никаква потреба да се користи власт, затоа што нема да има ништо што ќе може да повреди или уништи.

## Авторитетот е за сега

Сега, токму кога има нешто што може да повреди и уништи, ние имаме авторитет. Но, многу луѓе веруваат дека не можеме да имаме многу нешта сега. Тие мислат дека сатаната управува со сѐ тука долу. Но мора да запаметиме дека, иако сме во светот, не сме од светот. Сатаната управува со голем дел од она што се случува на земјата, но тој не управува со мене. Тој не управува со Црквата. Тој не нѐ доминира. Ние можеме да го доминираме него. Имаме власт над него!

Исус вели: *„Ете, ви давам власт да стапнувате на змии и шкорпии и над СИТЕ сили на непријателот; и ништо Еве, ви давам власт да газите на змии и скорпии, и власт над секоја непријателска сила; и ништо наштети (ништо, ништо, ништо, ништо, ништо) нема да ви наштети"*. (Лука 10:19).

Дали Црквата во овој век има помал авторитет од тој што го имала веднаш по смртта, погребот, воскресението, вознесението и седнувањето на Исус од десно на Таткото? Ако денес има помал авторитет, ќе беше подобро Исус воопшто да не умрел. Но не, фала му на Бога, *имаме* авторитет.

Треба да ги вградиме овие вистини во нашиот живот преку размислување и хранење со нив сè додека не станат дел од нашата свест. Природно гледано, ние секојдневно јадеме одредена храна затоа што докторите ни велат дека ни се потребни витамини, минерали и слично за да изградиме силни тела. Така и духовно, постојат „витамини“ и „минерали“ што треба секојдневно да ги примаме за да бидеме здрави христијани.

Исус вели во Матеј 28:18: „ *Ми се даде СЕКАКВА ВЛАСТ на небото и на земјата*.“ Секоја власт што може да се извршува на земјата мора да се извршува преку Црквата, затоа што Христос не е овде лично во Своето физичко тело.

Ние сме Телото Христово. Иако сме се молеле: „Сега, Господи, направи го ова и она“ оставајќи сè на Него. Тој Својата власт на земјата ја пренел на Своето тело – Црквата. Затоа постојат многу проблеми затоа што ние *ги дозволуваме* – не преземаме ништо во врска со нив. Ние сме тие што треба да направиме нешто, но се обидуваме некој друг, вклучувајќи го и Бог, да направи нешто наместо нас.

Ова ми стана реално пред многу години кога ја проучував оваа тема. Не можев умствено да го објаснам, но во духот го знаев. Почнав да го разбирам авторитетот што го имаме. Додека се молев за спасението на мојот постар брат, Го чув Господ како ме предизвикува – во духот. Ми рече: „*Ти* направи нешто во врска со тоа!“

Се молев за спасението на мојот брат многу години. Тој беше, како што велат, „црната овца“ во семејството. И покрај моите молитви, изгледаше како да станува сè полош, наместо подобар.

Секогаш се молев: „Боже, спаси го.“ Дури и постев. Бев склон повторно да се вратам на таков начин на молитва, но откако Господ ме предизвика да направам нешто, откако ми рече дека јас имам авторитет, реков: „Во Името на Исус, ја кршам силата на ѓаволот над животот на мојот брат и го барам неговото спасение!“

Го заповедав тоа. Не продолжив да се молам тоа или да го повторувам тоа. Кога еден цар дава наредба, знае дека таа ќе се исполни.

Ѓаволот се обиде да ми каже дека брат ми никогаш нема да се спаси, но јас го исклучив умот и почнав да се смеам. Реков: „Не *мислам* дека ќе се спаси – *знам* дека ќе се спаси! Го зедов Името на Исус, ја скршив твојата власт над него и го побарав неговото ослободување и спасение.“ Си заминав свиркајќи. За помалку од десет дена, брат ми се спаси. Божјото Слово функционира!

## Како да се справиме со ѓаволот

Сè додека Сатаната може да те држи во неверување или во полето на разумот, ќе те победи во секоја битка. Но ако ти го задржиш него во полето на верата и Духот, ти ќе го победиш секојпат. Тој нема да се расправа со тебе за Името на Исус, тој се плаши од тоа Име.

Открив дека најделотворниот начин на молитва може да биде кога ги бараш своите права. Така се молам и јас: „Ги барам моите права!“

Петар кај Убавата порта не се молел за хромиот човек; тој побарал тој да биде исцелен (Дела 3:6). Ти не бараш од Бог кога ги бараш своите права, ти бараш од ѓаволот.

Исус ја дал оваа изјава во Јован 14: „И што и да побарате во Мое име, тоа ќе го направам... Ако нешто побарате во Мое име, Јас ќе го сторам“. (ст. 13–14). Тој не зборува за молитва. Грчкиот збор што тука се користи значи **барање** а не **молба**.

Од друга страна, Јован 16:23–24 зборува за молитва: „*И во тој ден нема да Ме прашувате за ништо. Вистина, вистина ви велам: што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви даде. Досега ништо не сте барале во Мое име; барајте и ќе добиете, за да биде радоста ваша полна.*“ (Тука се спомнува Отецот во врска со молитвата, додека во пасусот од Јован 14 не се спомнува.)

Грчкиот оригинал, всушност, гласи: „*Што и да побарате како ваше право и привилегија*.“ Треба да научите кои се вашите права.

Пред многу години, кога бев пастор во едно мало црквиче во Тексас, една жена ја донесе својата сестра, која била душевно болна, кај мене во парохискиот дом за да се помолам за неа. Заради тоа што жената се обидела да се самоубие и да ги повреди другите, две години била затворена во обложена ќелија. Но, бидејќи нејзиното здравје толку се влошило, што докторите ѝ препорачале привремено пуштање дома, бидејќи веќе не ја сметале за опасна.

Кога нејзината сестра ме претстави како „проповедник“, почнаа да излегуваат библиски стихови од устата на таа жена. Таа мислеше дека го направила непростливиот грев. Господ ми рече да застанам пред неа и да кажам: „Излези, нечист ѓаволу, во Името на Исус!“ Тоа и го направив, но ништо не се случи. Таа само седеше таму како статуа.

Знаев дека изговорив збор на вера. Не мора да стоите таму цел ден и да им заповедате на демоните да излезат. Тие ќе го направат тоа кога ќе им кажете – ако знаете кој е вашиот авторитет. Тие мора да си заминат штом заповедта е изговорена со вера.

Два дена подоцна ми рекоа дека жената доживува силен напад, сличен на оние што ги имала кога првпат го загубила разумот. Оваа вест не ме вознемири. Во Библијата читаме дека кога Исус го укоруваше ѓаволот во такви случаи, луѓето паѓаа и ѓаволот ги раскинувал. Знаев дека ѓаволот само ја „раскинува“ оваа жена пред конечно да ја напушти. Знаев дека повеќе нема да има такви напади – и немаше. Лекарите ја прогласија за нормална и ја пуштија дома засекогаш. Дваесет години подоцна таа беше среќна и здрава, предаваше во неделно училиште и работеше во фирма.

## Улогата на верата во авторитетот

Верата е вклучена во користењето на духовниот авторитет. Да, има моменти кога зли духови излегуваат веднаш, но ако не излезат кога ќе го изговорите зборот на верата, не се вознемирувајте поради тоа.

Јас ја засновам мојата вера на она што Словото го кажува. Сепак, верата на некои луѓе не се темели на Библијата, туку на некоја манифестација. Тие дејствуваат надвор од верата, во сферата на чувствата. Ако видат некоја манифестација, мислат дека ѓаволот е излезен. Но, тој не е отиден само затоа што сте виделе некоја манифестација. Тој сè уште е тука, и вие треба да го знаете тоа и да го користите вашиот авторитет.

Кога околностите не се менуваат веднаш, некои луѓе се обесхрабруваат и се враќаат во природното. Почнуваат да зборуваат неверие и самите се поразуваат. Му даваат надмоќ на ѓаволот над себе.

Како што често велел Смит Виглсворт: „Не се водам од она што го гледам. Не се водам од она што го чувствувам. Се водам само од она во што верувам.“ Затоа, стојте цврсто на својата позиција.

Пред да го примам крштевањето во Светиот Дух, бев млад баптистички пастор. Тоа беше за време на Големата депресија и имав мајка и помал брат за кои требаше да се грижам. Малите приходи на мајка ми ги покриваа трошоците за струја, даноци и осигурување. Моите приходи беа за храна.

Имав само едно одело и два пара панталони. Во тие депресивни денови, многу се крадеше, и некој ми ги украде и двата пара панталони. Беа украдени во понеделник, а требаше да проповедам во четврток. Така, во вторник, додека се враќав од работа, се помолив: „Господи, имам само еден пар панталони и не можам да проповедам во нив. Стари се, работни панталони.“ Му реков на Господ дека до четврток очекувам да ги видам украдените панталони повторно обесени таму каде што беа. Се помолив крадецот да стане толку вознемирен, што ќе мора да ги врати.

Сфатете, тоа е лош дух што тера некој да краде. Јас не се справував со човекот, туку со тој дух, бидејќи имаме власт над духовите. Му заповедав на духот да престане со таа постапка.

Кога се вратив дома во четвртокот попладне, знаев дека панталоните ќе бидат таму — и беа. Значи, можеме, и треба да се кренеме против ѓаволот.

# Глава 5

## Примена на авторитетот

Вратата за практикување на духовната власт се врти околу две фрази што Павле ги моли за Ефесјаните: *„. . . и Го постави Него оддесно на Себе на небесата“* (Ефесјаните 1:20), и *„. . . и нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Христос Исус“* (Ефесјаните 2:6).

Размислувајте длабоко за овие две молитви. Научите да ги молите и за себе. Хранете се со таа вистина сè додека не станат дел од вашата внатрешна свест. Тогаш тие бидат водлика во вашиот живот. Но не обидувајте се да ги прифатите само ментално; морате да добиете откровение за нивната сила во вашиот дух.

Забележете дека не само што Христос е поставен оддесно на Отецот, над секоја власт во сатанското царство, туку и ние сме таму, бидејќи Бог *„со Него нè воскресна“*. Не само што сме поставени да седиме, туку обрнете внимание каде седиме: *„Повисоко од секое началство, власт, сила и господство“*. (Ефесјаните 1:21).

За Бог, ние воскреснавме кога Христос воскресна. Кога Христос седна, и ние седнавме. Тоа е нашата моментална позиција, духовно зборувајќи: Седиме оддесно на Отецот, заедно со Христос. (Чинот на седнувањето на Христос имплицира дека, барем за момент, одредени аспекти од Неговата работа се прекинати.)

*Сета власт што му беше дадена на Христос ни припаѓа и на нас преку Него, и ние можеме да ја практикуваме*. Ние Му помагаме на Христос така што го вршиме Неговото дело на земјата. А еден дел од тоа дело, како што Божјото Слово ни кажува, е да го

победиме ѓаволот! Всушност, Христос не може да го врши Своето дело на земјата без нас!

Некој ќе рече: „Па, Тој може без мене, ама јас не можам без Него.“

Не, Тој не може без вас, исто како што вие не можете без Него. Знаете*, вистината што Павле ја објаснува овде во Ефесјаните е дека Христос е Главата, а ние сме Телото*.

Што ако телото рече: „Можам и без главата. Не ми треба главата“?

Не, телото не може да живее без главата. А што ако главата рече: „Па, јас можам без телото. Не ми требаат рацете и нозете.“ Не, не може!

Истото важи и за Христос — Тој не дејствува без нас затоа што Неговото дело на земјата се извршува преку Неговото Тело — Црквата. Неговото дело никогаш нема да се изврши без нас , и ние никогаш не можеме без Него.

Во Ефесјаните 6:12 пишува: *„Зашто нашата борба не е против крв и тело туку против началствата, против властите*“. Ако го извадиме овој стих од контекст и почнеме да зборуваме само за тоа колку е страшен ѓаволот и колку е силен, целосно ја промашуваме поентата што Павле ја прави — затоа што тој не го вели тоа во оваа послание.

Запомнете, кога Павле го напишал ова писмо до Црквата во Ефес, тој не го поделил на глави и стихови — тоа подоцна го направиле научниците, за полесна навигација. Но, ако земете само еден стих и го користите надвор од неговиот контекст, можете да направите голема штета — и да кажете нешто што, всушност, не е кажано.

Светиот Дух преку Павле веќе рекол во втората глава дека сме седнати над тие сили со кои се соочуваме. Не само што Христос е седнат оддесно на Отецот, далеку над сите тие сили, туку и ние

сме таму - затоа што Бог нè поставил да седнеме заедно со Христос.

Затоа, во нашата борба со непријателот и неговите сили, мораме да имаме на ум дека ние сме над нив и дека имаме власт над нив. Божјото Слово ни вели дека Исус ги победил. Нашата задача е да ја спроведеме Неговата победа. Таа победа ни припаѓа на нас — но ние треба да ја живееме.

## Демонот со кој Исус одби да се справи

Во 1952 година, Господ Исус Христос ми се јави во визија* и разговараше со мене околу час и половина за ѓаволот, демоните и демонската опседнатост.

На крајот од таа визија се појави еден злобен дух што изгледаше како мало мајмунче или некое џиџесто суштество. Тој се стави меѓу Исус и мене и рашири нешто како чадна завеса или темен облак.

Тогаш тој демон почна да скока и да се дере со остар, пискав глас: „Џака-џака, џака-џака, џака-џака!“ Не можев ни да го видам Исус, ни да разберам што ми зборуваше.

*Видете ја книгата на пастор Кенет Е. Хагин, *Верувам во визии*, поглавје 4.

(Во текот на целото ова искуство, Исус ме учеше нешто. А ако внимаваш, тука ќе го најдеш одговорот на многу нешта што те мачеле.)

Не можев да разберам зошто Исус му дозволи на демонот да прави таква врева. Си мислев зошто Исус не го изобличи демонот за да можам да го слушам тоа што Тој ми го зборуваше. Почекав неколку моменти, но Исус не презема ништо против демонот. Исус сè уште зборуваше, но не можев да разберам ни збор од тоа

што го кажуваше — а ми беше многу важно, затоа што даваше упатства во врска со ѓаволот, демоните и како да се користи духовниот авторитет.

Си мислев: „Зар Господ не знае дека не го слушам она што сака да ми го каже? Ми треба тоа! А не го слушам!"

Почнав речиси да паничам. Толку очаен станав што извикав: „Во Името на Исус, ти, злобен духу, ти заповедам да престанеш!"

Во истиот миг кога го изговорив тоа, малиот демон падна на подот како врека сол, а црниот облак исчезна. Демонот лежеше таму, треперејќи, пискаше и се тетравеше како исплашено куче. Не сакаше ни да ме погледне. „Не само што ќе замолчиш, туку и бегај одовде во Името на Исус!" — му заповедав. Тој избега.

Господ точно знаеше што ми се вртеше низ умот. Си мислев:

„Зошто Тој ништо не направи за ова? Зошто му дозволи на денмонот да продолжи?" Исус ме погледна и рече: „Ако ти не направеше нешто во врска со тоа, јас не ќе можев."

Тоа беше шок за мене — ме остави без зборови. Му одговорив: „Господи, сигурно не Те разбрав добро! Сакаш да кажеш дека *не би сакал*, нели?"

Тој ми одговори: „Не, ако ти не направеше нешто, јас *не ќе можев*."

Четири пати го минав тоа со Него. Тој беше решителен, велејќи: „Не, не реков дека *не сакам*, туку реков дека *не можам*."

Му реков: „Мил Господи, едноставно не можам да го прифатам тоа. Никогаш во животот не сум чул ниту проповедал нешто слично!"

Му кажав на Господ дека не ми е важно колку пати ќе ми се појави во визија — ќе мора да ми го докаже тоа барем со три стиха од Новиот завет (зашто ние не живееме според Стариот завет, туку

под Новиот). Исус насмевнато, благо рече дека ќе ми даде дури четири.

Му реков: „Јас сум го прочитал Новиот завет 150 пати, и многу делови од него и повеќе од тоа. Ако тоа навистина стои таму, јас не сум го забележал!“

## Справување со ѓаволот

Исус ми одговори: „Сине, има многу работи таму што не ги знаеш.“

Потоа продолжи: „Никаде во Новиот завет нема упатство Црквата да се моли Бог Отец или Јас да направиме нешто против ѓаволот. Всушност, да го правиш тоа е губење време. Верникот е тој што треба да направи нешто во врска со ѓаволот. Причината е што вие имате авторитет да го сторите тоа. Црквата не треба да му се моли на Бог Отец за ѓаволот; таа треба да го користи авторитетот што ѝ припаѓа.“

„Новиот Завет им кажува токму на верниците сами да преземат нешто против ѓаволот. Најмалиот дел на Телото Христово има исто толку власт над ѓаволот колку и секој друг, и ако верниците не преземат нешто, во многу области, ништо нема да се случи.“

Веруваме дека одредени луѓе имаат сила. Не! Исус вели дека *најмалото членче во Телото Христово има исто толку власт над ѓаволот колку и секој друг*. И кога конечно ќе почнеме да веруваме во тоа, тогаш ќе почнеме и да ја завршуваме работата.

Исус продолжи: „Јас веќе направив сѐ што што требаше во врска со ѓаволот, сѐ додека ангелот не слезе од небото, не го земе синџирот, не го врзе ѓаволот и не го фрли во бездната“. (Откровение 20:1–3).

Тва беше вистински шок за мене.

„Сега- рече Тој- ќе ти ги дадам четирите места во Писмото што го докажуваат тоа“. Прво, кога воскреснав од мртвите, реков: „*Целата власт ми е дадена на небото и на земјата*“. (Матеј 28:18). Зборот **власт** значи **авторитет**. Но, веднаш ја предадов мојата власт на земјата на Црквата, и можам да дејствувам само *преку* Црквата затоа што Јас сум Главата на Црквата.“

(Вашата глава не може да извршува никаква власт без телото.)

Вториот стих што ми го даде Исус беше Марко 16:15–18:

15 Па им рече: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание.

16 Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.

17 А знаците на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат демони, ќе говорат нови јазици.

18 Ќе фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им наштети; на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат.

Тој вели: „Првиот запишан знак што ќе го следи секој *верник* - не секој пастор или евангелист - е дека тие ќе истеруваат демони. Тоа значи дека во Мое име тие ќе применуваат власт над ѓаволот, затоа што ја делегирав Мојата власт над ѓаволот на Црквата.“

Запомнете, Колошаните 1:13 вели: *„Нè избави од власта на темнината и нè воведе во царството на Својот возљубен Син*“. (Еден превод вели „Таткото нè избави од моќта на темнината“.) Повторно тоа е грчкиот збор **моќ** што значи **власт**.

Стихот треба да гласи: „Таткото нè избави од власта на темнината и нè преведе во царството на Својот драг Син“. Бог веќе нè избави од власта на темнината! Затоа, имаме право да зборуваме со темнината, односно со сатаната и неговото царство и да им кажеме што да прават!

# Вежбање авторитет над другите

Верниците имаат авторитет над ѓаволот. Тие можат да ја скршат моќта на ѓаволот ако тој ја крене главата во која било област во нивниот живот или во животот на нивното потесно семејство или најблиските. Имаат авторитет таму. Тие ќе бидат ослободени од непријателот затоа што имаат право да ја применат својата власт над него.

Сепак, тоа не значи дека тие ќе одат по улиците и ќе истеруваат демони од секого што ќе го сретнат. Тоа првенствено значи дека тие ќе применуваат авторитет над ѓаволот во нивните сопствени животи.

Мора да сфатите дека имате авторитет над вашиот дом што го немате во мојот дом. Духовниот авторитет е многу сличен на природен авторитет. На пример: Вие немате авторитет над моите пари. Не можете да ми кажете што да правам со моите пари, освен ако не ви дозволам. Вие немате авторитет над моите деца.

Можете да го натерате ѓаволот да се откаже од некои негови маневри во нечиј живот, но не можете *секогаш* да го истерате бидејќи немате авторитет во тој „дом“. Тоа е едно место што го пропуштивме.

Следната референца што ми ја даде Исус беше Јаков 4:7: „*Спротивставете се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас*“ (разбирливата тема на оваа реченица е „вие“).

Верникот сигурно дека има власт над ѓаволот, инаку Библијата не би му кажала да направи нешто во врска со ѓаволот. Овој стих не вели дека ѓаволот ќе побегне од Исус, вели дека ќе побегне од *вас*!

Слично на тоа, вие не се молите Исус да положи раце врз болните, вие го правите тоа. Забележете, исто така, дека рацете не се дел

од Главата. Рацете се дел од Телото: „Тие... ќе ги положат рацете на болните и тие ќе оздрават“. Кога ги полагате рацете врз болните, вие вршите власт над ѓаволот.

*Тој авторитет е ваш без разлика дали чувствувате дека го имате или не. Авторитетот нема никаква врска со чувствата. Но, мора да го вежбате.*

После тоа видение и откако Исус ми го даде тој стих од Јаков, мојот дух ми рече дека зборот **побегне** е значаен. Погледнав во речникот и открив дека една од нијансите на значењата е „бегање како во ужас“. Ѓаволот ќе бега од вас во ужас! Тогаш знаев зошто демонот во мојата визија почна да лелека и да плаче - тој беше преплашен.

Оттогаш видов други демони како се тресат и трепераат од страв додека го применувaa мојот авторитет даден од Бог над нив. Тие не се плашеа од мене, туку од Исус кого јас го претставувам.

Во визијата Исус ми даде уште еден стих кој ни кажува да направиме нешто во врска со ѓаволот. Оваа трета референца беше од Прво Петрово. Петар напишал: *„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта*“. (1. Петрово 5:8). Вашиот противник значи вашиот непријател.

Еве како некои луѓе го читаат ова. Тие велат: „Ох, ѓаволот ме гони!“ Тие бараат молитва за ѓаволот за да не ги победи. Но ѓаволот веќе ги совладал ако зборуваат на тој начин. Тогаш е предоцна да се моли.

Што ќе правиме со него: Ќе се преправаме дека сме мртви? Да ја сокриеме главата во песок и да се надеваме дека тој ќе исчезне? Не, фала му на Бога, забележете што пишува понатаму. Следниот стих гласи: *„Спротиставете му се цврсти во верата знаејќи дека такви страдања ги снаоѓаат и вашите браќа по светот*“.

Американскиот стандарден превод вели *вашата вера* наместо *верата*. Тоа повеќе ми се допаѓа.

Исус во ова видение ми рече: „Петар не го напиша писмото и не им рече на христијаните: „Знаете, ми дојде збор дека Бог го користи нашиот сакан брат Павле за истерување демони, и на верните им испраќа марамчиња или ткаенини, а болестите си заминуваат од луѓето, а злите духови излегуваат од нив, па јас ќе ви предложам да му напишете писмо на Павле барајќи од него да ви испрати марамчиња".

„Не, наместо тоа, им рече тие да направат нешто во врска со ѓаволот. Зошто? Затоа што тие имаат власт над него. Божјиот Дух преку апостол Петар не би ви рекол да направите нешто што не би можеле да го направите. Причината зошто можете да го направите тоа е затоа што *секој верник ја има истата власт што ја имал Павле во Исус Христос*. Петар не ни вели дека само Павле може да изгонува демони или дека Павле ќе му се спротивстави на ѓаволот наместо нас. (Зошто Павле да го прави тоа, кога можете вие сами да го направите?)

## Стоење во вера за духовните бебиња

Луѓето постојано ме прашуваат зошто сѐ уште не се исцелени. Некои мислат дека нешто не е во ред со проповедникот што се молел за нив!

Им објаснувам дека на почетокот од нивниот живот во верата биле духовни бебиња, и Бог дозволил други да се молат за нив и да ги носат со својата вера. Но, по некое време, Бог очекува тоа бебе да порасне, да прооди и да почне самостојно да прави нешто. Бог го спушта бебето и му вели да оди, но многумина не

сакаат. Премногу луѓе сè уште сакаат да бидат бебиња и некој друг постојано да се моли за нив.

Секако, сакаме да им помогнеме на оние кои не можат сами да си помогнат, но мораме да ги поучиме луѓето за да можат да растат и да го користат својот авторитет. Зошто? Затоа што ќе дојде време кога ќе мораат самите да го користат својот авторитет ако сакаат нивните молитви да бидат услишани.

Еднаш, додека присуствувавме на една конференција, јас и мојата сопруга бевме гости во домот на еден брачен пар. Жената пред да се омажи беше дел од нашата црква. Нè замолија да се помолиме за нивното машко бебе, старо само неколку месеци, кое имаше кила. Лекарите сакаа да го оперираат.

Ја проколнавме хернијата и ѝ заповедавме да се исуши и да исчезне. За неколку дена, целосно исчезна и бебето воопшто не мораше да оди на операција.

Мајката на бебето рече: „Брате Хегин, не сакам да бидам критична, но во нашата црква изгледа дека само ние, помладите, имаме вера за исцеление. Не знаев кого да замолам да се моли за бебето пред да дојдеш ти, затоа што тука никој не оздравува."

Ние би требало да растеме и да се зајакнуваме во верата со текот на времето, но премногу често тоа не се случува. Во нејзината црква, како и во многу други, повеќето луѓе се спасиле додека биле млади, и тогаш Бог допуштал други да се молат за нив. Но, поради недостаток на правилно поучување, тие останале во таа почетна, бебешка, фаза на духовен развој. Велат: „Добивавме исцеление кога бевме нови во верата, ама сега веќе не."

Тоа е исто како никогаш да немате свои алишта, туку секогаш да се потпирате на тоа да носите туѓа облека – така е и ако никогаш не ја вежбате сопствената вера, туку постојано се потпирате на молитвите на други луѓе.

Што им се случува на луѓето кои никогаш не се обидуваат да ја активираат својата вера, туку секогаш се потпираат на верата на некој друг? Само што прочитавме дека *„вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика, барајќи некого да проголта*“. Но, верникот може нешто да направи во врска со тоа.

Исус, Јаков и Петар ни велат ние да направиме нешто во врска со ѓаволот. Апостол Павле во Ефесјаните 4:27 вели: *„Не давајте му место на ѓаволот*.“ Ова беше четвртиот стих што ми го даде Исус. Тој ми објасни: „Ова значи дека не смееш да му дозволиш на ѓаволот да има место во тебе. Тој не може да добие никакво место освен ако ти не му дадеш дозвола. А за тоа ти треба да имаш авторитет над него, инаку ова не би било точно.“

## Авторитет на земјата

Исус додаде: „Еве ти четворица сведоци. Јас сум првиот, Јаков е вториот, Петар е третиот, а Павле е четвртиот. Тоа го потврдува фактот дека верните имаат власт на земјата, затоа што *Јас ја делегирав Мојата власт над ѓаволот на вас – тука на земјата*. Ако вие не направите ништо, ништо нема да биде направено. И токму затоа често ништо не се случува.“

Сега можете да разберете зошто работите се случиле како што се случиле. Ние сме им дозволиле да се случат! Затоа што не сме ја знаеле нашата власт, не сме знаеле што можеме да направиме, не сме направиле ништо, и, всушност, сме му дозволиле на ѓаволот да продолжи да прави што сака.

Мораме да го сфатиме ова. Ајде да се разбудиме. Можеби ќе треба да го промениме начинот на кој се молиме и директно да се спротивставиме на ѓаволот. Јас тоа го направив. Немате штета од промената. Напротив, ќе ви биде од полза. Имаме власт да го

направиме тоа. Седиме оддесно на Таткото, далеку над сите началства и сили. А ако сме далеку над нив, значи имаме власт над нив.

Во Ефесјаните 1:22–23 понатаму стои: *„И сè Му покори под Неговите нозе и Го постави глава над сите во Црквата, која е Негово тело, полнота на Оној Кој исполнува сè во сè“*. Како што истакнал Џон А. Макмилан: колку е прекрасно да знаеме дека и најмалите членови на Христовото Тело, дури и самите табани, најмалото ножно нокте или малото прсте, се далеку над сите тие моќни духовни сили за кои зборуваме.

Запомнете – Исус им рече на другите седумдесет ученици што ги испрати, во Лука 10:19: *„Еве, ви давам власт да газите на змии и скорпии, и власт над секоја непријателска сила, и ништо нема да ви наштети“*. Колкава власт има црквата над ѓаволот? Дали е нешто помалку од ова? Не! Фала му на Бог!  Апсолутно не.

А, сепак, ако ги слушате просечните христијани како зборуваат, или некои проповедници како проповедаат, ќе добиете впечаток дека ѓаволот е поголем од сите и дека тој управува со сè. Да, тој е „богот на овој свет“, па затоа управува со светскиот систем. Но Библијата вели дека ние сме *во* овој свет, но не сме *од* овој свет, и затоа тој не управува со нас. Ѓаволот предолго си игра со нас.

Овие работи не се за шега. Глупаво е да се правиме духовити и да се смееме со вакви теми.

Еден проповедник еднаш ми рече на една конференција: „Брате Хегин, ѓаволот трча поради мене . . .  ама проблемот е што јас бегам, а тој трча по мене!“

Таквите изјави се само израз на незнаење. Прво, нема никаква причина да бегате од ѓаволот. Библијата вели дека тој ќе бега од вас. Ви треба него да го истерате. За жал,  мислам дека тоа е

реалната слика за многу проповедници и цркви денес, всушност, за повеќето. И тоа се гледа насекаде.

## Владеење како цареви

Ајде пак да погледнеме во Римјаните 5:17: *„Бидејќи, доколку со престапувањето на еден завладеала смртта преку едниот, дотолку повеќе оние, што го примија изобилието на благодатта и дарот на праведноста, ќе царуваат во животот преку еден – Исус Христос.“* Во динамичниот превод стои: „Ќе владеат како цареви во животот преку Едниот – Исус Христос, Месијата, Помазаниот.“

Божјиот план за нас е да владееме и царуваме во животот: да владееме над околностите, над сиромаштијата, над болестите и над сè што нè ограничува. Владееме затоа што имаме авторитет. Владееме преку Исус Христос. Во вечноста? Не, тука, *во овој живот*.

Ако веќе пееме или зборуваме нешто, тоа нека биде во склад со Божјото Слово. Некои луѓе пеат: „Тука талкам, како просјак, низ жештина и студ“ или „Скапоцен Исусе, не ме заборавај“ – полни со неверување.

Ние не талкаме како просјаци, затоа што не сме просјаци. Ние сме Божји деца, наследници на Бог, сонаследници со Исус Христос (Римјаните 8:17). Ние сме Телото Христово. Седиме со Христос оддесно на Величието на Небото, далеку над сите началства, сили, моќи и господства – слава на Бога!

Тоа не звучи како просјак што вика: „Исусе, не ме заборавај“, или „Ако само успеам да влезам“, или „Некаде во сенките стои Исус“, или „Господи, изгради ми колиба во некој агол на славната земја“.

Јас повеќе би слушал магаре како рика, отколку такви песни! Ама ги пееме толку долго, што почнуваме да веруваме дека се вистинити. Луѓето пролеваат некоја солза на „талкам како просјак“ и мислат дека доживуваат благослов!

Премногу често ние христијаните се однесуваме како мали пилиња, со затворени очи и широко отворени усти. Секој може да ни дофрли што било за да нè „нахрани“, и ние сме подготвени сè да прифатиме. Но, јас нема да си ја држам устата отворена, а очите затворени! Ќе ги држам очите отворени, а устата – затворена!

## Понизност или Сиромаштија

На пример, многу христијани ја поистоветуваат понизноста со сиромаштија. Еден проповедник еднаш ми кажа колку е понизен еден друг брат затоа што возел многу стар автомобил. Му реков: „Тоа не е понизност – тоа е *незнаење*!“ Возењето старо возило беше негова дефиниција за „понизност“.

Еден друг рече: „Знаеш, Исус и апостолите не возеле кадилак!“ Па нормално, немало кадилак во тие времиња. Но Исус јаваше на магаре што тогаш било кадилакот на тоа време, најдобриот превоз што постоел.

*Верниците дозволиле ѓаволот да ги измами и лиши од секој благослов што можеле да го уживаат*. Божјата волја не е ние да бидеме сиромашни. Тој вели дека треба да владееме во животот како цареви!

А кој би можел да замисли цар што живее во сиромаштија? Сиромаштијата и царувањето не одат заедно.

# Применување на авторитетот во семејството

Бог никогаш не планирал ѓаволот да има авторитет над нашите семејства. Кога нашите деца беа мали и ѓаволот се обидуваше да им нанесе болест, јас се лутев на него и му велев: „Тргни ги рацете од моите деца! Јас владеам со овој дом! Ти не владееш тука, јас владеам, преку Исус Христос!“ Го бркав, и тој бегаше. И вие можете да го натерате да бега.

Пред многу години проповедав во северниот дел на Америка и бев разбуден среде ноќ. Во духот знаев дека некој се соочува со физичка опасност и почнав да се молам на јазици. Го прашав Господ што се случува, и Тој ми покажа дека станува збор за мојот постар брат. Знаев дека неговиот живот е во опасност. Продолжив да се молам тивко на јазици околу еден и пол час. Моето молитвено бдеење не ја разбуди мојата сопруга, која спиеше покрај мене. Конечно добив потврда на победа во духот и почнав тивко да пеам на јазици, па повторно заспав.

Два дена подоцна, сестра ми се јави од Тексас плачејќи и во голема паника: „Даб доживеал несреќа и му е скршен грбот,“ рече таа. „Во ужасна состојба е. Во Канзас е. Лекарите не знаат дали ќе преживее.“

„Чекај малку- ѝ реков- смири се. Не е толку лошо како што мислат. Дури и ако бил, Бог веќе го допрел, затоа што јас се молев за тоа пред две ноќи и веќе имам одговор на молитвата.“

„Навистина?“

„Да, навистина. Не грижи се ни малку. Добро е тој.“

Два дена подоцна пак се јави. Се информирала за состојбата на брат ми. Даб излегол од болницата на свои нозе, со гипс на грбот. Не умрел, како што лекарите предвидувале и не останал парализиран.

Тој дојде во нашиот дом во Гарланд, Тексас, многу обесхрабрен и депресивен бидејќи неговата жена го напуштила и ги зела децата со себе додека тој бил отсутен. Јас проповедав во мојата црква таа недела наутро и се обидов да го убедам да дојде со нас, но не сакаше. Тој беше бебе-христијанин, штотуку спасен.

Токму на средината од мојата проповед, одеднаш добив визија. Очите ми беа отворени, но пред себе го видов мојот брат во градскиот парк. Го слушнав како си вели: „Па, знам што ќе направам. Ќе ја убијам неа, а потоа ќе се убијам и себеси."

Застанав и реков: „Чекајте малку. Имам нешто што треба да го средам. Потоа ќе се вратам на проповедта."

Му се обратив на ѓаволот што го мачеше: „Ѓаволу, престани со тоа веднаш! Ти заповедам во Името на Исус Христос да го оставиш тој човек!" (Собранието не знаеше за кого зборував, но ѓаволот знаеше). Тоа беше сè што реков. Потоа продолживв со мојата проповед.

Кога се вративме дома, брат ми беше таму, и очигледно беше во добро расположение. Рече дека бил до паркот и решил да ги земе работите во свои раце. Му реков: „Па, јас го знаев тоа," и му раскажав што видов.

Тој рече: „Одеднаш нешто дојде над мене, и беше како нешто да се подигна од мене. Како облак да се тргна, и се вратив дома свиркајќи и пеејќи."

Даб не знаеше како да се обрати до Господ сам бидејќи беше само бебе-христијанин. Понекогаш, ние што сме подолго со Господ, треба да им помогнеме на бебињата-христијани, и фала му на Бога што можеме. Но ќе дојде време во нивниот живот кога ќе мораат самите да знаат како да постапуваат. Тогаш нема да можеме да дејствуваме место нив.

# Прифатете дека сте издигнати

Ние, христијаните, мораме да научиме дека сме седнати со Христос. Мораме да научиме да бидеме издигнати на местото каде што Бог сака да бидеме!

Црквата премногу често не успева во оваа служба на власт. Наместо тоа, таа е наведната во пораз и страв.

Ефесјаните 1:22 вели: *„И сè Му покори под Неговите нозе и Го постави глава над сите во Црквата“*. Исус е Глава над болестите, болката и секое зло нешто, како што покажал кога бил овде на земјата.

Ако ги протолкуваме зборовите, ќе ја добиеме најдлабоката смисла: „. . .глава на Црквата над сè.“ Исус е Глава над сè – заради Црквата.

Треба да размислуваме за овие божествени вистини, за да можат нашите духови целосно да ги сфатат. Штом го сториме тоа, ќе уживаме голема награда. Кога имаме ваков побожен став, Духот на вистината – Светиот Дух, може да нè доведе до место каде што ќе ја видиме вистинската смисла на Божјото откровение. Во Ефесјаните, Павле се молел Црквата во Ефес да го има токму тој дух на мудрост и откровение.

Бог го направи Христос Глава над сè за Црквата. Тој е Глава заради нас, за да можеме преку Него да ја користиме таа власт над сè.

Кога ќе разбереме што ни припаѓа, ќе ја уживаме победата што Христос ја има за нас. Ѓаволот ќе се обиде да нè спречи да стигнеме таму, но преку упорна вера во Христос, победата е наша.

Глава 6

# Воскреснати со Христос

Во Посланието до Колосјаните апостол Павле им пишува на верниците во Колос. Иако користи малку поинакви зборови, тој ја пренесува истата порака што ја кажал и до Ефесјаните – Божјиот план за откупување. Тој не проповеда нова или поинаква порака на Колосјаните.

**КОЛОСЈАНИТЕ 1:15-20**

15 Тој е слика на невидливиот Бог, првороден пред секое создание

16 бидејќи преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо, било престоли, било господства, било началства, било власти, сè е преку Него и за Него создадено.

17 Тој е пред сè, и сè во Него стои.

18 И Тој е глава на телото, односно на Црквата. Тој е почеток, првороден од мртвите, за да има првенство во сè.

19 Бидејќи во Него благоволи Отецот да ја насели сета полнота,

20 и преку Него да измири сè со Себе, или земно, или небесно, творејќи мир со крвта на Неговиот крст.

Во второто поглавје, гледаме дека Христос бил оживеан од Бог Таткото:

**КОЛОСЈАНИТЕ 2:12-15**

12 Откако се погребавте со Него во крштавањето, во кое заедно со Него и воскреснавте преку вера во силата на Бога, Кој Го воскресна од мртвите.

13 И вас, кои бевте мртви во гревовите и во необрезанието на вашето тело, Тој заедно со Него ве оживи, простувајќи ви ги сите гревови,

14 извршувајќи го ракописаниот закон, кој со своите прописи стана наш непријател, кого Тој го зеде од средината и го прикова на крстот,

15 и, откако ја зграби силата од началствата и властите, Тој ги изложи јавно на позор и славејќи ја во Себе победата над нив.

Во дванаесетиот стих пишува дека бевме воскреснати со Христос „преку вера во силата на Бога.“ Забележете дека тоа било дело на Отецот. Стихот 13 понатаму ни кажува дека Бог не само што нè оживеал *заедно со* Христос, туку и ни ги простил гревовите!

Кога Исус, Праведниот, доброволно ја прифатил смртта, тој го отплатил долгот на Законот против нас. Тогаш Отецот ги избришал прекршените закони и заповеди што стоеле како пречка помеѓу Него и нас. Тој го приковал овој поништен долг на крстот на Својот Син.

Павле во Колосјаните ни кажува дека Бог е Оној што го смислил планот за откуп. Бог е Тој што Го воскреснал Исус од мртвите. Бог е Тој што Му дал Име над секое друго име. И Бог е Тој што ги поразил демонските началства и власти кои се спротивставувале на воскресението на Христос.

Смртта е казната за гревот. Затоа, кога Христос ја понел вината на целиот свет на крстот, сатанските сили на воздухот се обиделе да ги остварат своите „права“ и да Го задржат под своја власт.

## Клучевите до авторитетот

Библијата вели дека сатаната ја имал власта над смртта — но Исус го победил. Во Откровение 1:17-18, Исус вели: *„Јас сум Првиот и*

*Последниот и Живиот. Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови и ги имам клучевите од адот и смртта*.“ Исус Христос ги зел клучевите од ѓаволот — слава Му на Бога! Клучевите припаѓаат на Оној Кој има овластување. Тоа се клучевите на авторитетот.

Мора да запомниме дека физичката смрт не е од Бога, таа е од непријателот. Смртта сѐ уште е непријател. Библијата вели дека таа е последниот непријател што ќе биде ставен под нозе. Благодарение на Бога, тој ден доаѓа, но сѐ уште немаме нови тела. Ќе сретнете луѓе кои веруваат дека ќе живеат вечно овде, во телото, но забележете: никој од нив не го постигнува тоа. Еден човек ми се противеше за ова, а јас му реков: „Ако Павле не успеал, можеш веднаш да се откажеш.“

Не можам да сфатам како некој може да биде толку наивен и да верува дека ќе живее вечно во оваа сегашна телесна форма. Тоа тело мора да биде променето. Библијата ни кажува кога ќе се случи таа промена, кога Исус ќе дојде. Во еден момент, за миг, телата на оние што ќе бидат живи тогаш ќе бидат преобразени и ќе станат бесмртни. До тогаш, имаме само ограничена власт над смртта.

Откако ги соблекол демонските власти од нивната моќ, Христос *„ги изложи јавно на позор и славејќи ја во Себе победата над нив (преку крстот).“*Колосјаните 2:15. Павле овде зборува за тоа дека Христос бил возвишен над Своите непријатели, на десната страна на Отецот, тема за која Павле пишува и во Посланието до Ефесјаните. Повторно ја нагласува Божјата улога во поразот на сатанските сили и самиот Сатана.

Во Ефесјаните видовме и дека Синот седи над тие сили и дека ја има власта на Божјиот престол. Но токму тука Црквата, како

целина, често не успева. Таа разбира дека Исус Христос е Врховната Глава на Црквата, но не разбира дека Главата е целосно зависна од Телото за да ги изврши Своите намери, дека сме седнати со Христос на небесата и дека Неговата примена на власта над духовните сили мора да се случува преку Телото, преку нас.

Сега подобро од кога било можеме да разбереме што мислел Исус кога рекол: *„Вистина ви велам: сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на небото и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото.“* (Матеј 18:18). Тоа е користење на Неговата власт на земјата.

Некои од нас понекогаш добиваат мала слика за таа власт; некои дури случајно ја применуваат незнаејќи што прават. Мене оваа тема почна да ме интересира кога си го поставив прашањето: „Дали имаме авторитет што не сме свесни дека го имаме?“

Кога почнав да ја проучувам оваа тема, открив дека навистина имаме авторитет, слава Му на Бога! И, исто така, открив дека небото стои зад она што ние го одбиваме и зад она што ние го дозволуваме. Дозволивме многу работи, но не го користевме својот авторитет. Затоа работите многупати се какви што се: затоа што не сме направиле ништо. Ние чекаме на Бога, а Тој чека на нас. И Тој нема да направи ништо додека ние не превземеме дејство.

Имало моменти кога сум се молел за некој близок што бил пред смрт и Господ ми рекол: „Ќе направам што и да Ми кажеш да направам.“ Во една таква ситуација Го замолив Господ да му подари уште две или три години живот на еден човек. Тој ми одговори дека ќе го направи тоа само затоа што Јас побарав. Ми рече: „Ниту еден земен татко не сака да направи повеќе за своите деца отколку што Јас сакам, само ако Моите деца Ми дозволат!“

Некои луѓе мислат дека Бог е некој тиранин кој седи на Својот престол со огромен стап во рака, и само чека да направиме нешто погрешно за да нè удри и да нè смачка. Но тоа не е вистинската слика за Таткото.

Господ е спречен во Неговите планови затоа што Неговото Тело (Црквата) не успеала да ја разбере вистинската смисла на Христовото воздигнување, и фактот дека и ние сме седнати со Него оддесно на Таткото. Имаме дел во ова: мораме да соработуваме со Господ преку вера.

Исус вели дека Светиот Дух, Кој доаѓа да живее во нас кога се новораѓаме, ќе нè води во сета вистина. Еден проповедник еднаш ја фрлил Библијата на подот и рекол дека не му треба, бидејќи го има Светиот Дух. Но, сепак, му требала Библијата, бидејќи не можете да го следите Светиот Дух во вистината без Божјото Слово.

*Ако излезете надвор од напишаното Божјо Слово, сте отишле предалеку. Држете се до Словото*.

Божјото Слово е од Божјиот Дух, светите луѓе од минатото го запишале. Божјото Слово е од најголема важност. Но нема да го разберете со својата глава. Морате да го разберете со своето срце.

Не го ставајте Духот над Словото. Ставете го Словото на прво место, а Духот на второ, и така ќе бидете на сигурно.

Познатиот пентекостален уредник Стенли Фродшам, авторот на биографијата на Смит Виглсворт, го истакнува фактот дека Виглсворт, пред сè, бил човек на Божјото Слово, а потоа и човек исполнет со Божјиот Дух. Тоа е одлична комбинација.

Глава 7

# Оружјето со кое војуваме

Верникот мора постојано да биде облечен во духовниот оклоп. Во Ефесјаните 6:10–11 стои: *„Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство.“*

Христијанинот што го облекува овој оклоп и се вклучува во духовна војна е обележан. Под духовна војна едноставно мислам на тоа да ги правиме делата на Исус и да ја користиме нашата власт над ѓаволот додека си ги живееме секојдневните животи. Не мислам на намерно соочување со сатаната во некаков молитвен дуел.

Ѓаволот ќе направи сè што е во негова моќ за да спречи да дознаете дека имате авторитет над него. Тој ќе ве напаѓа заради оваа вистина повеќе отколку за било која друга тема. А кога еднаш ќе дојдете до ова сознание, тој ќе се обиде да ви ја одземе и ќе се труди да ве разубеди. Ќе има испити, и понекогаш луѓето ќе паднат на тие испити. Ѓаволот сака да кренете раце и да кажете дека авторитетот на верникот не функционира.

Еден човек дојде кај мене на една служба каде што проповедав за оваа тема и рече дека авторитетот на верникот не влијае за него. Му реков: „Ако не влијае, тогаш Бог е лажго.“ (Со тоа што го рече, овој човек, всушност, Го нарече Бога лажго.)

Јас би претпочитал да умрам, отколку да кажам дека Божјото Слово не функционира. Ако не функционира, тоа е затоа што јас некаде имам пропуст. Можеби ние ќе згрешиме, но Божјото Слово не греши. Верувам дека Неговото Слово е вистина.

Непријателот ќе се спротивстави на вашата интервенција во неговата сфера затоа што тој има власт над силите на воздухот и сака тоа да продолжи така. Кога го нарушувате сатанското царство

преку користење на својата духовна власт, тој ќе ве нападне со цел да ве натера да се повлечете и да престанете да ја користите таа власт.

Ако успешно му се спротивставите на сатаната во една област, тој ќе се обиде да ве нападне во друга. Можете да се подготвите за тие напади бидејќи тие ќе дојдат. Со други зборови, вашата привилегирана духовна позиција ве прави непријател на ѓаволот.

Знаете, ѓаволот е свесен дека не може да држи во ропство верник кој ја знае својата власт во Христос Исус. Таквиот верник знае дека е седнат со Христос на небесата и дека ѓаволот е поразен непријател под неговите нозе. (Ефесјаните 1:15–2:6). Понатаму, овој верник е уверен дека ниедно дело на непријателот не може да надвладее над него додека ја исполнува Божјата волја на земјата.

## Како да останете непоразени

Ако верниците ја искористат духовната оклопна облека која им е дадена, непријателот не може да ги победи. Јас не верувам дека нешто што е од непријателот е способно да ги победи оние кои сме членови на Телото Христово.

Верникот мора постојано да биде облечен со овој оклоп. Светиот Дух се молел преку Павле очите на народот да се отворат за да ја спознаат целосната Божја обезбедена заштита. Духовниот оклоп е опишан во Ефесјаните 6:

**ЕФЕСЈАНИТЕ 6:10-17**

10 Браќа, засилувајте се во Господ и во силата на Неговата моќ!

11 Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство

12 зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата.

13 Поради тоа примете го сето оружје Божјо, за да можете да се браните во лош ден, та, откако ќе победите, да се одржите.

14 И така стојте, откако ќе се опашете со вистината и ќе се облечете во оклопот на праведноста,

15 и нозете да ви бидат обуени во подготвеност за да благовестите мир.

16 *А над сѐ*, земете го штитот на верата, со кој ќе можете да ги изгаснете сите вжештени стрели на лукавиот.

17 Земете го и шлемот на спасението и духовниот меч, кој е словото Божјо!

Различните делови од оклопот симболизираат духовни вистини кои му припаѓаат на верникот.

Кога го носи овој оклоп, верникот е заштитен и не е попречен во своето служење преку духовната власт. Сѐ што треба да го грижи е тоа да го чува својот оклоп сјаен и цврсто зацврстен на себе. Ајде да погледнеме поблиску во овој оклоп:

Прво, како што учел Џон А. Мекмилан, појасот на *вистината* претставува јасно разбирање на Божјото Слово. Како појасот кај еден војник, тој го држи целиот оклоп на место.

Второ, е оклопот на *праведноста*. Тој има двојна примена: Исус е нашата Праведност, и Него го „облекуваме“ прво. Тој, исто така, ја покажува нашата послушност кон Божјото Слово.

Трето, нашите стапала се обуени со подготвеноста за Евангелието на *мирот*. Тоа е верно служење преку проповедање на Божјото Слово.

Четврто, е штитот на *верата*. Штитот е покривка за целото тело. Тој ја претставува нашата целосна безбедност под Христовата крв, каде што ниедна сила на непријателот не може да продре.

Петто е шлемот на *спасението*, кој во 1. Солуњаните 5:8 е наречен надежта на спасението. Надежта на спасението е единствениот шлем што може да ја заштити главата во овие денови кога луѓето се одвраќаат од вистината.

Шесто, е мечот на Духот, кој е *Божјото Слово*. Тоа покажува дека Божјото Слово треба да се користи офанзивно. Другите делови од оклопот се претежно за одбрана, но мечот – Божјото Слово е активно оружје. Кога сте облечени со Божјиот оклоп, подготвени сте да се спротивставите на секој напад на непријателот.

## Глава 8

# Авторитет над демонските духови, не над волјата на човекот

*Иако имаме авторитет над демонски духови, немаме авторитет над другите луѓе или над нивната волја*. Често грешиме мислејќи дека ја имаме.

Имаме авторитет над демоните и можеме да ги контролираме во однос на нашите животи или животите на нашето семејство, но не можеме секогаш да ги контролираме кога станува збор за други луѓе, затоа што нивната волја има своја улога.

Пред многу години држев богослужба тука во Оклахома, и додека служев на болните во редот за исцеление, почувствував одвнатре—знаев преку внатрешното сведоштво—дека некој во редот има демон во себе. Тоа не значи дека човекот беше опседнат од демон, тоа е сосема друга работа. Да се биде опседнат значи да се биде целосно преземен – духот, душата и телото. Човек може да *има* демон во телото, а да не биде *опседнат* од демон.

Продолжив да гледам наоколу. Кога еден човек се приближи на четири луѓе од мене, знаев дека демонот е во него. Но, не реков ништо на глас.

Мора да го сфатите ова: Иако ѓаволот знае некои работи, тој не е сезнаен, како што е Бог. Поради неговите психички сили, може да се види дека ѓаволот знае одредени нешта. Некои гатачи навистина предвидуваат настани кои потоа се случуваат. *Ѓаволот дури знае и некои од твоите мисли*. Како го знаеме тоа? Затоа што луѓе што читаат мисли често можат да ви го прочитаат умот и да ви кажат што размислувате. А тоа не го прават со Божјата сила.

Пред човекот да застане пред мене, си помислив во себе: „Ќе го истерам тој дух од него.“ Ништо не реков на глас; само си го помислив тоа. Кога застана пред мене, пред да можам да изустам нешто, тој проговори. Демонот зборуваше преку него, лелекајќи со висок, назален глас: „Не можеш да ме истераш! Не можеш да ме истераш! Не можеш да ме истераш!“

Јас реков: „Можам, во Името на Исус.“

Тој одговори: „Не можеш. Овој човек сака да останам. И ако тој сака да останам, тогаш можам.“

Му реков: „Во право си“, и го оставив.

## Религиозни духови

Неколку дена подоцна го видов тој човек на улица, го запрев и започнав разговор со него. Не беше луд, целосно си беше при ум. Додека разговарав со него, дознав каков дух има во себе. Стануваше збор за религиозен дух. Луѓето треба да знаат дека постојат такви духови. Тие прават луѓето да делуваат многу религиозно. Всушност, овој човек имаше три зли духа во себе. Другите два беа духови на измама и лага.

Тој веруваше во мешавина од Библијата и источните религии. Повеќе се наклонуваше кон источните религии. Му зборував за ова. Му реков: „Тие верувања не се според Писмото. Не се во согласност со Новиот завет.“

Тој ми одговори: „Со Библија или без Библија, мене така ми се допаѓа и ќе останам на тоа.“

Му реков: „Кога и да посакаш да се ослободиш од тие демони, дојди кај мене. Но, додека сакаш да биде така, нека ти биде.“

Тој рече: „Па, така сакам.“

## Слободната волја преовладува

Морате да си заминете и да ги оставите луѓето кога тие сакаат да живеат така. Ако луѓето сакаат да живеат во грев – можат. Ако сакаат да бидат слободни, можат да бидат слободни. Но сè додека не сакаат да бидат слободни, ниту Исус, ниту кој било друг не може да ги ослободи.

Не можете насекаде и без размислување да применувате власт над ѓаволот кај некој друг. Имате власт над својот живот и над своето семејство. Но не можете да изгонувате ѓаволи од секој човек што ќе го сретнете на улица, дури и ако навистина *има* демон  бидејќи тие имаат власт над своите животи. Кога луѓето ќе посакаат помош, тоа е веќе друга работа.

Чудно е, но понекогаш дури и луѓе исполнети со Светиот Дух не сакаат помош. Во 1954 година првпат проповедав во државата Орегон. Почнав во недела навечер со евангелска проповед. Во понеделник навечер проповедав за вера. Најавив дека ќе има служба за исцеление на богослужбата во вторник.

Во тие денови, ги остава луѓето да се редат без разлика дали доаѓаат за спасение, крштение со Светиот Дух или за исцеление. Им служев еден по еден.

Кога дојдов до една жена, имаше еден маж со неа и само тој зборуваше. Таа не кажа ниту збор. Можев да ја забележам само по изгледот дека не беше во добра ментална состојба. Мажот рече дека неговата жена е многу нервозна и дека поминала некое време во психијатриска болница.

Дозволете ми да истаканам нешто овде. Вие не применувате само духововен авторитет во полза на другите луѓе. Треба да има манифестација на Светиот Дух. Затоа многу луѓе не успеваат. Тие

се обидуваат да се справат со духовите без слово на знаење, разликување на духови или каква било помош од Светиот Дух.

Кога Исус еднаш ми зборуваше за ѓаволот, демоните и опседнатост од демони, како пример го користеше девојчето опседнато од дух на гатање. Таа ги следела Павле и Сила околу Филипи *многу денови*, според Дела 16:18, велејќи: *„Овие луѓе се слуги на Севишниот Бог.“* (стих 17).

Исус ми постави прашање: „Знаеш ли зошто Павле не се справи со тој дух првиот ден?“

Реков: „Не, навистина не знам. Се прашував зошто Павле, апостол, Божји човек, човек со авторитет, не презел власт над тој зол дух првиот ден?“

Исус рече: „Тој мораше да чека на манифестацијата на Светиот Дух. Тој требаше да чека Светиот Дух да му даде расудување.“

* Повеќе во книгата на пастор Кенет Е. Хагин, *Верувам во визии*, поглавје 3.

Знаете, можете да го истерате ѓаволот од себе или од својот дом во секое време. Ако некоја личност е на вашиот имот, имате власт и над него. Но кога ќе се оддалечите од местото на вашата надлежност, тогаш злите духови имаат право да бидат таму, затоа што Сатаната е богот на овој свет!

Тоа е причината зошто Павле морал да чека многу денови пред да ја ослободи девојката опседната со демон. Не му заповедал на тој дух да ја напушти првиот ден кога таа почнала да ги следи. Тој чекаал, и кога дошло вистинското време, се обратил на духот и тој излегол од неа.

Кога ја положив раката на жената во редот за исцеление, не видов никакви духови, но добив слово на знаење. Немав дарба за распознавање духови во тоа време, но словото на знаење влијаеше во моето служење. Кога ја положив раката на неа,

нејзиниот живот ми се покажа пред мене како да гледам телевизија. И ја разбрав целата приказна.

Му реков на нејзиниот маж: „Нема да се молам за неа овде. Одведи ја во пасторовата канцеларија. Кога ќе заврши богослужбата, ќе дојдам со пасторот и ќе разговараме со вас двајцата.“ И ја одведе.

Јас и пасторот отидовме во неговата канцеларија. Сфатив дека мажот на жената е ѓакон во таа црква. Му реков: „Сакав пасторот да биде тука како сведок. Тој ќе потврди дека не ми кажал ниту еден збор за вашата жена. Не познавам никого во оваа држава, освен овој пастор. Никогаш досега не сум ве видел ни тебе ни твојата жена.

Ќе ти кажам зошто не ѝ послужив на сопругата јавно. Кога ја положив раката на неа, веднаш во себе знаев, видов сè за миг дека нејзиниот живот се променил кога еднаш слушнала некој евангелизатор како кажува дека Господ зборува со него на глас. Таа тогаш почнала да бара Бог и на неа да ѝ зборува на ист начин.

Она што таа не го разбрала е дека тој евангелизатор не барал Бог да му зборува на тој начин, тој не го молел Бог за тоа, туку едноставно чекал на Бога.“ (Кога ќе почнете да барате глас што се слуша, ѓаволот ќе ви излезе во пресрет. Тоа е погрешно.)

„Демони почнале да ѝ зборуваат- продолжив. Таа почнала да ги слуша тие гласови и тие ја довеле до лудило. Ми кажа дека еднаш била во ментална институција. Всушност, таа била таму двапати, така?“

Сопругот одговори: „Кој ти кажа?“

„Господ- реков. Исто така ми покажа дека си ја однел сопругата на богослужба за исцеление, и евангелистот не можел да ја ослободи, па сега си лут на него. Потоа видов во Духот дека си ја однел на богослужба кај некој пророк, и тој не можел да ја ослободи, и сега си лут и на него. Јас нема да можам да ја

ослободам повеќе од нив двајцата, и ќе се налутиш и на мене. И затоа не сакав да го правам тоа.

Сега ќе ти кажам зошто тие не ја ослободиле и зошто јас не можам да ја ослободам: Таа не сака да биде ослободена. Додека сака да ги слуша тие гласови, ќе ги слуша. Таа не е луда. Ги слуша сите зборови што ги кажувам."

Се свртев кон неа и реков: „Сестро, кога ќе дојдеш до моментот кога нема да сакаш веќе да ги слушаш тие гласови, дојди и ќе ти помогнам."

„Па,- рече таа- јас сакам да ги слушам тие гласови."

Реков: „Знам дека сакаш."

Некој можеби ќе рече: „Па, можеби таа не знаела што зборува." Ако не знаеше, Господ ќе ми кажеше. И јас ќе го знаев тоа.

Библијата вели за службата на Исус дека ги истерувал духовите со Своето Слово. Исто така вели дека ги истерувал со Духот Божји. Не било само Неговото Слово без присуство на Светиот Дух. Прочитајте го дванаесеттото поглавје од Матеј. Фарисеите го обвиниле Исус дека истерувал демони преку Веелзевул, кнезот на демоните (стих 24).

Исус им одговорил: *„Ако, пак, Јас истерувам демони со Духот Божји, тоа значи дека до вас дошло царството Божјо"*. (стих 28).

Знаеме од Словото дека имаме духовен авторитет, но мораме да се потпираме на Светиот Дух за да ни помогне во службата со тој авторитет. Не можеме тоа да го правиме сами од себе.

Како што спомнав претходно, ако ѓаволот ме нападне мене, имам авторитет над него, бидејќи имам власт над сопствениот живот. Можам да му наредам веднаш да го напушти мојот дом. Исто така, можам да контролирам ситуации додека луѓето се во мое присуство.

На пример: Еден пастор, мој пријател од Форт Ворт, Тексас, еднаш дојде со мене на камп каде што проповедав во Калифорнија. Тој

со години страдаше од шеќерна болест и секое утро мораше да ја тестира урината за да утврди колку инсулин треба да земе тој ден.

Обидувајќи се да го научам нешто за верата, се свртев кон него додека излегувавме од неговиот двор и му реков: „Додека си со мене, никогаш нема да ти се појави шеќер.“

Знаете, јас можев да ја контролирам таа болест додека тој беше со мене, додека беше на мој терен. Но не можев да ја контролирам кога ќе се оддалечеше од мене. Ќе требаше да го научам самиот да го користи духовниот авторитет.

Тој ме погледна како да не ми верува, но беше со мене речиси две недели и воопшто не му се појави шеќер, иако јадеше пита и торта.

„Сигурно денес ќе ми се појави шеќер,“ велеше тој. Но по тестирањето велеше: „Ова е нешто што никогаш досега не сум го видел во животот!“ Подоцна ми кажа дека дури три дена откако се вративме, повторно му се појавил шеќер.

Разбирате, јас барав авторитет над таа болест. Иако имав контрола над невидливата сила, немав контрола над волјата на пасторот. Можев да ја контролирам невидливата сила додека пасторот беше во мое присуство, и се обидував да го убедам дека и тој може да го користи истиот авторитет, но тој не успеа да го сфати тоа. Очекуваше дијабетесот да се врати, и се врати.

Му беа потребни пет години пред конечно да го разбере духовниот авторитет. (Некои од нас проповедниците сме малку поспори!) Да можев постојано да бидам со други луѓе, ќе можев да им помогнам и ним, но не можам да живеам со луѓето, немам време.

# Кршење на силата на ѓаволот

Пред многу години, кога мојот постар брат беше врзан од ѓаволот, реков: „Сатано, во Името на Исус Христос*, јас кршам твојата сила над животот на мојот брат*, и го барам неговото ослободување и спасение!“ За приближно две недели тој беше спасен. Порано се обидував 15 години да го доведам до спасението, но неуспешно. Кога застанав цврсто и ја забележив мојата духовна власт како верник, тогаш успеа.

Некој ме слушна како го кажувам ова и рече дека ќе го испроба, да види дали ќе функционира и во неговиот живот. Но, јас знаев дека нема да му успее, затоа што јас не го „*пробав*“ тоа, јас го *направив*.

Понекогаш верниците велат дека ќе пробаат нешто затоа што кај некој друг успеало. Но, ако тие навистина го проучуваат Божјиот збор и се облечат во поучувањето за духовната власт ќе ги искусат плодовите од тоа. Ако се обидат да дејствуваат според Божјото Слово, без тоа Слово да е изградено длабоко во нивниот дух, ѓаволот ќе ги порази.

*Ќе го победите ѓаволот само кога имате темел во Божјиот збор и дејствувате според него*. Библијата вели за сатаната: „*Противете му се со тврда вера*...“ (1. Петрово 5:9). Вашето ниво на вера е директно поврзано со тоа колку Божјиот збор живее во вашето срце, збор кој е реалност за вас и во кој секојдневно живеете.

# Зошто луѓето го губат своето исцелување

Кога луѓето се наоѓаат на место каде што верата е силна, каде што има „масовна вера“ — или каде што дејствуваат даровите на Духот, тогаш релативно лесно примаат исцелување. Тоа се случува на големи собири. Го видов тоа на богослужбите на познатите евангелизатори за време на „Пробудувањето на исцелување“, кое траеше од 1947 до 1958 година.

Сепак, кога тие луѓе ќе се вратат дома, ѓаволот доаѓа со „лажни симптоми“. Луѓето немаат внатрешна основа на вера и ѓаволот повторно им ја наметнува истата болест. Тоа е причината зошто ќе видите луѓе ослободени од нечисти духови, болести, од разни состојби  и по некое време се враќаат во старата состојба.

Некој може да рече: „Па, тие никогаш и не биле навистина исцелени.“

Како може парализиран човек да оди, ако никогаш претходно не можел да оди, ако не бил исцелен? Ако тоа не е исцелување, тогаш што е?

Како може слеп човек, кој никогаш не видел, да прогледа — а јас сум го видел тоа — ако навистина не бил исцелен?

Сè било во ред додека стигнале дома, но по две или три недели, исцелувањето исчезнало. Зошто го изгубиле? Затоа што не ја знаеле својата духовна власт. Не знаеле како да го задржат она што го примиле, па не ни се обиделе да ја применат таа власт. Или ако нешто и изговориле, говореле нешто што не треба, нешто што не е вистина.

Јас сум видел луѓе со полио целосно исцелени.  Нивните стапала и нозе се исправиле, и по 10 дена го изгубиле исцелувањето.

Се сеќавам на една жена која три години беше целосно прикована за кревет поради артритис. Лежеше исправена како даска. Беше веднаш исцелена, стана и одеше. Нејзиниот доктор не можеше да најде ниту трага од артритис во нејзиното тело. Но шест недели подоцна, повторно беше вкочанета како даска. Зошто го изгуби исцелувањето?

Некои луѓе велат: „Ги хипнотизираат.“ Дали е тоа причината? Не. Луѓето влегуваат во Божјото присуство, каде што даровите на Светиот Дух се во дејство, и таму е лесно да се прими исцелување. Но кога ќе се вратат дома сами, тогаш навистина се сами.

Затоа луѓето треба да бидат поучени во Божјото Слово и во своите права и привилегии како верници. Тогаш можат самите да ја користат духовната власт против ѓаволот, болестите и околностите.

## Изгонување на демони

Библијата прави разлика помеѓу изгонување на демони и исцелување на болни. Често, физичката состојба на некои луѓе не реагира на молитва и полагање на раце затоа што е вклучен злобен дух.

Ова се случи со една жена од баптистичката црква во Њу Орлеанс. Таа била ментално растроена и сместена во институција. Еден ден, еден мој пријател, баптистички пастор, којшто го примил крштевањето во Светиот Дух, бил да се моли за неа. Тој изгонил седум демони од неа и веднаш таа оздравела.

Еден универзитетски професор, кој бил запознаен со нејзиниот случај, го користел како илустрација во своите предавања. Тоа толку многу го импресионирало што го поканил пасторот да разговара со него. Како резултат, сопругата на професорот го примила крштевањето на Светиот Дух. Професорот не само што сам посакал да биде исполнет, туку и во своите предавања почнал да го вклучува фактот дека демоните имаат многу поголемо влијание врз луѓето отколку што претходно се мислело.

## Измачување наспроти опседнатост

Во 1950-тите еден член на црквата застана во ред да се молам за него за исцеление, и веднаш знаев дека човекот имаше демон во своето тело. Тој бил кај сите познати евангелизатори за молитва за исцелние, но не бил исцелен, затоа што духот што го угнетувал требаше да биде изгонет. Ова не беше случај за физичко исцелување.

Молејќи се за него им објаснив на луѓето: „Телото на овој човек е измачувано од демон. Тој не е опседнат од демон. Ќе ви дадам илустрација: Замислете дека живеете во куќа изградена пред, речиси, сто години, и некој ви каже: 'Во таа куќа има инсекти.' Тоа не значи дека вие имате инсекти во себе!

Вашето тело е куќата во која вие живеете. Ако знаете како, можете да ги држите инсектите подалеку од вашата физичка куќа, исто така, и демоните од вашата физичка **куќа**. Тие нема да бидат таму ако користите правилна духовна заштита.“

Еднаш слушнав за еден психијатар исполнет со Светиот Дух, кој доброволно работел во државните болници. Во една психијатриска институција одлучил да направи експеримент со еден човек кој не проговорил три години. Човекот гледал само напред без израз на лицето, како статуа.

Докторот рече:

„Секој ден полагав раце врз него и велев: „Ако има зли духови овде, ги укорувам и заповедам секој од нив да замине во Името на Господ Исус Христос.'“

Кога немало други доктори во близина, тој полагал раце врз пациентот и се молел на глас пет минути дневно на јазици. Ако имало доктори во близина, се молел тивко, користејќи мудрост, знаејќи дека тие не би разбирале што прави.

За 10 дена, пациентот почнал да зборува. За 30 дена, бил отпуштен од болницата  целосно излекуван. Тој доктор им помогнал и на други пациенти. Бог ја почитува верата, а Духот Божји знае како да се моли. Тој е Авторот на молитвата.

## Како да се справувате со демони

Мораме да се потпреме на Духот Божји за да знаеме кога се соочуваме со демони и како да расчистиме  со нив. Ние сме беспомошни без и Духот и Словото. Немојте да бидете само

Слово, личност без Духот, и немојте да бидете само Дух, личност без Словото. Мнозина се обидуваат да постапуваат според Божјото Слово без Божјиот Дух. Морате да ги имате и двете. Духот и Словото се во единство.

Не секогаш се соочувате со дух во секој случај на исцелување. Но, доколку е потребно, Господ ќе ви покаже. Секако, Бог е интелигентно Суштество, и јас сум интелигентно суштество, и Тој може да ми покаже ако се соочувам зол дух. *Одлучувам подеднакво и според тоа што Бог не ми го кажува, колку и според тоа што ми го кажува*. Ако не ми каже ништо, не истерувам демони. Продолжувам и служам со молитва за исцелување.

Чудно е тоа што понекогаш сум воден да се молам за исцелување, а друг пат, во случај што изгледа сосема идентично, воден сум да се справувам со дух. Не го разбирам тоа целосно, но од искуство знам дека тоа е реалноста. За секој случај треба да донесете посебна проценка и одлука, независно од претходните искуства.

Треба да им помагаме на оние што се беспомошни. Понекогаш ќе ги носите таквите луѓе на грбот на својата вера. Но луѓе кои знаат, кои се просветлени, мораат да живеат според светлината која ја имаат. Некои луѓе имаат поголема светлина од другите. Колку повеќе знаете, толку повеќе се очекува од вас.

Можете да бидете ослободени од угнетувањето врз вашето тело и ум. Можете да вежбате духовен авторитет над другите додека тие се во вашето присуство. Можете да го примените вашиот авторитет над сите невидливи сили.

Ако научите како да го применувате вашиот духовен авторитет на овој начин, тоа ќе функционира и во вашиот дом. Сум слушнал за жени кои го пименувале духовниот авторитет кога нивните неспасени мажи ќе се врателе дома карајќи се. Жените научиле како тивко и мирно да ги укоруваат злите духови зад ситуацијата и да применат власт над нив, и ситуацијата се менувала.

Го научив ова пред многу години, кога некои од моите роднини знаеја многу да се налутат. Едноставно настапував со својот авторитет во таквите ситуации. Тие знаеја кога го правев тоа, затоа што ме гледаа со изненаден израз на лицето, и веднаш се смируваа. Но, не применував власт над нивната *волја*, туку над *духот* што ги тераше да се однесуваат така.

Исус еднаш им кажал на Своите ученици дека ќе оди во Ерусалим да пострада и да биде убиен. Петар се спротивставил. Исус веднаш го укорил, велејќи: *„Бегај зад Мене, Сатано“* (Матеј 16:23).

Исус не вели овде дека Петар е сатаната. Тој покажува дека Петар се ставил на страната на сомнежот, неверието и ѓаволот. Понекогаш христијаните несвесно му се предаваат на непријателот, но ние можеме да примениме власт над тој дух.

Библијата вели дека можеме да примениме власт и над стравот, дури и над стравот во нашиот живот. Треба да го знаеме тоа. Сепак, не можеме секогаш да примениме власт над стравот во животот на некој друг. Јас сум можел да го контролирам стравот додека личноста била во моето присуство и не знаела сама да му се спротивстави.

Во 2 Тимотеј 1:7 стои запишано: *„Зашто Бог не ни даде дух на страв, туку дух на сила, љубов и здрав разум.“* Забележете дека Библијата го нарекува стравот дух. Бог ни дал дух на сила, љубов и разум.

Дури и кога бев млад пастор во баптистичка црква, секогаш применував власт над стравот и сомнежот. Ако бев искушуван со сомнеж, ќе речев: „Сомнежу, ти се спротивставувам во Името на Исус.“ Ако бев искушуван со страв, ќе речев: „Страву, ти се спротивставувам во Името на Исус.“ Сомнежот и стравот ќе си заминат кога ќе го направите тоа.

Имаме власт дури и над оние кои се спротивставуваат на вистината.

Во Тексас имаше еден пастор од евангелската црква кој живееше до еден полицаец. Полицаецот припаѓаше на деноминација која жестоко се спротивставуваше на зборувањето на јазици.

Пасторот успеал да го наговори полицаецот да дојде во неговата црква. Потоа, полицаецот, малку во шега, го поканил пасторот да оди со него во неговата црква. Пасторот решил да оди, затоа што полицаецот му кажал дека неговиот проповедник ќе зборува за темата **јазици**.

За време на проповедта, тој проповедник не се водел од Библијата, туку раскажувал разни работи што наводно ги чул дека се случиле меѓу „оние што зборуваат на јазици“. Потоа почнал да имитира зборување на јазици. Кога го слушнал тоа, мојот пријател пастор применил авторитет над ситуацијата. Проповедникот веднаш престанал, пребледел и седнал, без да ја заврши проповедта.

Полицаецот сфатил што се случило. Потоа отишол кај пасторот, му ја стегнал раката и го прегрнал. Му рекол: „Слава Му на Бог, мило ми е што Бог го прекина сето тоа. Мојот пастор требаше да постапи поразумно.“

Следната вечер проповедникот се извинил што зборувал за нешто што не го познавал доволно. Рекол дека чувствувал како Бог да го сопрел, и додал дека е подобро да не се навлегува во работи што не ги разбираме доволно.

## Спротивставете му се на ѓаволот

Често сфаќаме дека некои искушенија и тешкотии во нашиот живот се дело на непријателот, и тогаш викаме кон Бог да го укори ѓаволот и да ги промени околностите. Но, Божјото Слово ни кажува ние сами да му се спротивставиме. Во Јаков 4:7 пишува: *„Спротивете му се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас.“*

Нам ни е даден авторитет над ѓаволот. Одговорноста е наша.

Ако му се спротивставиме на ѓаволот, тој ќе побегне. Библијата не вели: „Најдете некој друг да му се спротивстави на ѓаволот за вас.“ Библијата ни кажува ние да му се спротивставиме! Проблемот е што многумина од нас седат пасивно, чекајќи Исус да направи нешто, додека ние сме тие што треба да дејствуваме. Зошто? Затоа што ние ја имаме власта! (Секогаш сакаме некој друг да го направи тоа што нас ни е дадено да го направиме.)

Секако, секогаш ќе има духовни бебиња, и ние треба да ги носиме со нашата вера, но некои од нас треба да пораснат доволно за да можат да им помагаат на другите, а не сѐ да паѓа на грбот на пасторот.

Многу состојби постојат затоа што ние ги дозволуваме.

Во Матеј 18:18 стои: *„Вистина ви велам: сѐ што ќе засврзете на земјата, ќе биде заврзано и на небото; и сѐ што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на небото.“*

Ми се допаѓа еден друг превод што еднаш го прочитав, кој вели: „Сѐ што нема да дозволите да се случи на земјата, ќе биде одбиено и на небото.“

Применувајте го вашиот авторитет!

## „Што да правам со својот живот?

Доколку си го поставувате истото прашање, **БИБЛИСКОТО УЧИЛИШТЕ РЕМА е одлично место да дојдете и да дознаете.** Ова училиште ќе изгради цврсти библиски основи во вас што ќе ве водат низ животот – каде и да ве води тој.

Предности:

- Обука во **висококвалитетно библиско училиште водено од Духот.**
- Предавања основани на цврста вера во Божјото Слово.
- Уникатна, двогодишна програма за Основи во службата, конкретно составена да ви помогне да **растете** во верата, **да го слушате Божјиот глас**, и да ве обучи да живеете успешен живот.
- Специјализирана обука, по ваш избор, во програмата Напредната студии:
  Библиско образование, Практични служби, Подвижно училиште, Пасторална служба, Студентска служба, Музика и медија, Мисија, и општи напредни студии,
- **Акредитирано** со Transworld accrediting Commission international
- Можности за служење низ целиот свет  додека трае образованието.

Пријавете се денес!

rbtc.org

РЕМА КЛУБ НА ПАРТНЕРИ

Со здружени сили да го досегнеме СВЕТОТ!

Луѓе. Сила. Цел.

Дали некогаш сте фрлиле камче во вода? Мали бранчиња се создаваат на местото на ударот и се шират во сите правци. Тоа се нарекува брановиден ефект. Тоа е токму таквиот вид на влијание што христијаните треба да го имаат во овој свет. Токму такво влијание какво што денес Рема семејството произведува ширум земјата.

Рема клубот на партнери во Словото ги поврзува христијаните со заедничка цел, да допрат до луѓето со Евангелието и пораката на верата во Бога.

Заедно допираме генерации, култури и народи, ширејќи ја Радосната вест за Исус Христос до секој агол од земјата.

За најновите вести и информации за производи, медија, поткасти, материјали за проучување, и други посебни понуди, посетете ја нашата интерент страница во кој било дел од денот.

Rhema.org

Словото на верата

Бесплатна претплата!

Јавете се сега за да добиете бесплатна претплата на списанието „Словото на верата“ од Службите на Кенет Хегин. Добијте охрабрување и духовно освежување преку:

• *Статии што ја зајакнуваат верата од Кенет В. Хегин, Линет Хегин, Крејг В. Хегин, Денис Хегин Бернс и други.*

• *„Безвременско поучување“ од архивите на Кенет Е. Хегин.*

• *Тематски статии за молитва и исцеление.*

• *Сведоштва за спасение, исцеление и ослободување.*

• *Страница со активности за деца.*

• *Информации за Библиското училиште Рема, црквата Рема и другите служби што се дел од мисијата на Кенет Хегин.*

*Претплатете се за бесплатно!*

*Rhema.org/wof*

## Рема- Дописно библиско чилиште

Рема- Дописното библиско училиште е курс за изучување на Библијата од дома кое може да ви помогне во вашето секојдневие!

Овој курс е дизајниран специјално за вас нудејќи практично поучување за молитвата, верата, исцелението, животот воден од Духот и многу повеќе, сѐ со цел да живеете победоносен христијански живот!

### Флексибилен

Запишете се во кое било време: изберете тема што ве интересира и учете со свој ритам!

### Финансиски достапно

### Корисно

„Господ ме благослови преку еден дипломец од Рема- Дописното библиско училиште . . . Ми сведочеше пред 15 години, и Господ ме ослободи од дрога и алкохол. Живеев на улица, па дури и во нечиј магацин за алати. Сега живеам победоносен и благословен живот! Станав и сам дипломец на Рема- Дописното библиско училиште. Сега поседувам прекрасен дом. Имам прекрасна сопруга и две деца кои исто така го сакаат Господ. Господ ми овозможува да проповедам секогаш кога мојот пастор е отсутен. Дел сум и од управниот одбор на нашата црква и христијанското училиште. Ви благодарам, и нека ве благослови Бог вас и вашата служба!“

— Д.Џ., Ласби, Мериленд

„Ви благодарам што постојано го нудите Рема- Дописното библиско училиште. Очите на моето разбирање се многу просветлени преку Божјото Слово додека бев запишан во Рема. Мојот живот е засекогаш променет.“

— М.Р., Принстон,
Северна Каролина

За информации за запишување и листа на курсеви, јавете се денес:

1-888-28-FAITH (1-888-283-2484)

rhema.org/rcbs

Доколку сакате да ни се приклучите во нашите потфати да го досегнеме светот, посетете ја страницата rhema.org/wpc или 1-866-321-0972